**СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ**

**од Осмата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 27 септември 2006 година**

Седницата се одржа во Собранинето на Република Македонија, сала 1, со почеток во 11,05 часот.

Седницата ја отвори и на неа претседаваше претседателот на Собранието господинот Љубиша Георгиевски.

**Љубиша Георгиевски:** Ја отворам Осмата седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците Абдулади Вејсели, Тале Герамитчиоски, Лазар Китановски, Владо Бучковски, Фијат Цаноски, Фљора Кадри, Даут Реџепи, Марјан Додовски и Љубчо Георгиевски, ме известија дека се спречени да присуствуваат на седницата.

Ве молам, да притиснеме едно од копчињата на системот за гласање, да го утврдиме бројот на присутните пратеници во салата.

Присутни се 87 пратеници.

Констатирам дека на седницата присуствуваат мнозинство пратеници на Собранието и дека Собранието може полноважно да одлучува.

На седницата се поканети претседателот на Република Македонија, претседателот и членовите на Владата на Република Македонија.

Согласно членот 8 и член 152 став 1 алинеа 3 од Изборниот законик, со изборот на Зоран Крстевски за директор на Јавното претпријатие за аеродромски услуги "Македонија" и со назначувањето на Влатко Чинговски за генерален директор на Акционерското друштво "Електрани на Македонија", констатирам дека им престанува мандатот на пратеник во Собранието на Република Македонија.

Бидејќи пратениците Зоран Крстевски и Влатко Чинговски, беа избрани од листи на кандидати, потребно е Државната изборна комисија да го извести Собранието на Република Македонија за кандидатите од овие листи на кои треба да им се верификираат мандатите за пратеници, согласно член 153 од Изборниот законик.

Оваа седница ја свикав, заради што поитно донесување на одлуката за избор на членови на Комитетот за односи меѓу заедниците, бидејќи изборот на членовите на Комитетот е од битно значење за функционирањето на Собранието на Република Македонија.

Предлагам Предлогот на дневниот ред на оваа седницата да не се дополнува со други точки.

Има ли некој процедурално? (Нема)

Предлогот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Во салата се присутни 74 пратеници, за гласале 72, воздржани 2, против нема.

Констатирам дека Предлогот е усвоен.

Според тоа, за денешната седница го предлагам следниот дневен ред:

1. Предлог на Одлука за избор на членови на Комитетот за односи меѓу заедниците.

Предложениот дневен ред го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 79 пратеници, за гласале 77, против гласале 2, воздржани нема.

Според тоа, констатирам дека е усвоен предложениот дневен ред.

**Минуваме на точката 1 - Предлог на одлука за избор на членови на Комитетот за односи меѓу заедниците**

Предлогот на Одлуката ви е доставен.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на одлуката.

Молам, кој бара збор?

Има збор пратеникот Никола Ќукрчиев.

**Никола Ќуркчиев:** Почитуван претседателе, колеги пратеници,

Членот 78 од Уставот на Република Македонија, амандман 12, предвидува Собранието да основа Комитет за односи меѓу заедниците.

Комитетот го сочинуваат 19 члена, од кои по 7 члена од редот на пратениците во Собранието, Македонци и Албанци и по еден член од редот на пратениците Турци, Власи, Роми, Срби и Бошњаци.

Доколку некој од заедниците нема пратеници, Народниот правобранител, во консултации со релевантните претставници на тие заедници, ќе ги предложи другите членови на Комитетот.

На седницата на Комисијата за избори и именувања, јас ова прашање го отворив во делот за националната припадност на колешката пратеничка, од пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ Анита Кипаризовска-Крстеска. Едноставно кажано, побарав да се провери настанатата дилема дали спомнатата колешка е Влаинка, или Македонка.

Многумина во тој момент ценеа дека таа дилема треба да ја разреши самата и јас очекувам од оваа говорница и ја повикувам самата да се изјасни.

Меѓутоа, нормално, во право се сите оние кои што велат дека не може националната припадност да биде мобилна категорија. Апсолутно се согласува и со сите невладини организации, особено Лигата на Власите, Унијата за култура на Власите, кои што се јавија во јавноста, како и нашиот коалиционен партнер, Демократскиот сојуз на Власите во Македонија, кои што дадоа повеќе соопштенија за тоа и остро реагираа дека не навлегуваат во корените на почитуваната колешка, но дека имаат непобитни факти и информации дека досега Кипаризовска во ниту еден официјален документ не се декларирала како Влаинка, туку дека се пишувала Македонка.

Според тоа, навистина е дискутабилно дали таа треба да биде член на Комитетот, или пак Власите преку Народниот правобранител треба да делегираат свој надворешен претставник.

Тоа беше кажано во соопштението. Ценам дека овде е место почитуваната колешка да каже како таа се чувствува.

Ако навистина е точно дека досега никогаш таа не се изјаснувала како Влаинка, како е можно само за три месеци да го смени тоа национално чувство. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Има збор господинот Трајко Вељаноски како предлагач.

Повелете.

**Трајко Вељаноски:** Претседателе благодарам. Имам процедурално на искажаното од страна на пратеникот Никола Ќуркчиев.

Точно е , тој го покрена и ова прашање на Комисијата за прашања на избори и именувањата, при донесувањето на одлуката на Комитетот за односи со заедниците.

Јас како претседател на таа Комисија и тогаш му одговорив и сега ќе му одговорам, добив информација од Службите на Собранието, кој од пратениците како се произнел. Тоа е во евидентниот лист. И од евидентниот лист имаше податок дека еден од пратениците се има произнесено дека е припадник на влашката заедница. Значи, добро го прочита Уставниот амандман пратеникот Ќуркчиев и во него пишува дека се избираат 19 члена од кои 7 члена од редот на пратениците во Собранието, Македонци и Албанци, и по еден член од редот на пратениците Турци, Власи, Роми, Срби и Бошњаци. Ние имаме во таа одлука на тој Комитет за односи меѓу заедниците, пратеници кои се изјасниле за Македонци, се изјасниле за Албанци, Турци, Бошњаци, Срби и Роми. Таму не проверивме за нив и не утврдивме, ова што сака пратеникот Никола Ќуркчиев да го спори, дали тие лица кои се изјасниле во евидентниот лист припаѓаат на тие заедници. Незнам по кој основ и како го влечи пратеникот Ќуркчиев изјаснувањето на еден од пратениците за својата припадност да го става под сомнение.

Исто така, некој ќе каже зошто и дали е точно тој самиот што се има произнесено за припадност на Македонците. Значи, дали сега да влеземе во таа полемика со која што би докажувале кој е припадник и зошто е припадник на таа заедница која што ја има во евидентниот лист.

Сметам дека не би требало таа дилема непотребно да се пренесе. Незнам од кои причини зошто и кои се нивните математики. Веројатно се некои нивни математики кои што не им одговараат, па сакаат на тој начин да проблематизираат нешто, што не би требало. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Би сакал само нешто да кажам јас процедурално.

Мислам дека ваква една дискусија навлегува во многу опасни води. Република Македонија е по дефиниција, по дух и по фактицитет мултиетничка држава. Опасно е да се тврди притоа дека етничкиот идентитет на секој човек не е мобилен, зашто се поставува прашањето што ќе правиме со луѓето кои имаат еден родител од еден етност, а друг родител од друг едност. Во крајна линија, ако во овој Парламент и во оваа држава отвориме досиеа за тоа кој како се чувствува, што е апсолутно, основно човеково право и ако почнеме да ги водиме тие досиеа, по мое скромно мислење, тоа ми мириса на нешто многу опасно. Но, јас не сакам да дезавоирам, ниту тематски, ниту како атмосфера, ниту како аргумент една дискусија која се отвора. Мое е само да предупредам дека може да излеземе на опасен терен непотребно.

Според тоа, господинот Ќуркчиев побара реплика.

**Никола Ќуркчиев:** Сега незнам дали вие имавте исто така реплика, или коментар на репликата.

**Љубиша Георгиевски:** Просто процедурално се вклучив.

**Никола Ќуркчиев:** Дозволете да се изјаснам.

Вие имате право кога сакате да се јавите за збор. Апсолутно немав намера да прозивам никој, ниту еден колега ниту колешка во Парламентот.

Имав намера да објаснам зошто реагираат неколку невладини организации и политички партии во Република Македонија. Апсолутно, не чувствував потреба дека има да се јави за збор господинот Трајко, почитуваниот колега, заради тоа што не беше ни спомнат.

Сето она што го кажав од оваа говорница, го кажав и на седница на Комисијата.

Имено, апсолутно не навлегувам во родословот на почитуваната колешка. Таа како единка има право да се изјаснува, меѓутоа вие ме збунивте со вашата дискусија кога велите за мобилниот идентитет. А и да ве разберам некако, заради тоа што на вас еден од родителите ви е Влав, па никогаш не сте се изјасниле. Да речеме дури дека го зборувате јазикот. Сосема сеедно.

Проблемот е нешто друго.

Почитуван претседателе. . .

**Љубиша Георгиевски:** Ве молам образложете од каде тој податок? Дали од моето полициско досие?

**Никола Ќуркчиев:** Само една реченица. Барам почитуваната колешка да каже дали пред три месеци се изјаснила како Македонка, или Влаинка. Ништо друго. И дозволете пратениците да си кажат тоа што мислат. Нема потреба никој да ја брани, ниту некој да ја напаѓа. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Реплика за себе земам, бидејќи сум спомнат директно во дискусијата на господинот Ќуркчиев и сакам да го запрашам уште еднаш: Од кое досие дознава за моето потекло и за моите родители? Од кое досие, од каде му е изворот на информации.

Ако нема контра реплика добро.

За реплика се јави Оливер Шамбевски.

**Оливер Шамбевски:** Претседателе, ова што денеска се случи во Собранието навистина е дозволиво и не треба на ниту еден начин да биде толерирано. Ваков тип на дискусии, во кои што се испитува нечие потекло, за кое што ова Собрание не е ни надлежно да констатира, ниту да проверува нечие потекло, јас доколку вака продолжи оваа седница да се одвива, јас ќе ја напуштам седницата и нема да учествувам. Затоа што не сакам во ниту еден момент да дозволам Собранието да ги надмине далеку своите ингеренции. Ви благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Јас предупредив дека теренот е многу опасен. Вие се јавивте, мое е да ви дадам збор. Значи, моето предупредување за 5 минути се исполнува. Но, ќе продолжиме според компјутерот. Тој не лаже.

Процедурално нека повели господинот Ѓорѓи Оровчанец.

**Ѓорѓи Оровчанец:** Ви благодарам господине претседателе, јас ќе се согласам со вас и ќе ве поддржам во намерата и идеата дека ова се води кои не се потребни да течат низ ова Собрание, затоа што не можете на никој друг начин, освен на субјективен начин, или начин на чувство на било која единка да се изрази за неговата национална припадност. Не можете антрополошки овде, не можете биолошки, не можете генетски да одредите кој е што.

Меѓутоа, имам една замерка до вас претседателе. Оваа замерка ја давам од следните причини. Во вашата дискусија и квалификацијата на македонската држава да не грешите повеќе.

По Уставот Македонија е унитарна и граѓанска држава. Македонското општество или со саети е мултиетничко и мултиконсеционално. Мислам дека тука треба да биде јасна работата. Македонија е унитарна и граѓанска држава. Ви благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Ја прифаќам забелешката.

Нека повели процедурално господинот Кондарко.

**Борис Кондарко:** Благодарам господине претседателе.

Најмногу оваа процедурална забелешка не се однесува на моменталната тема за расправа, туку генерално на водењето на седницата од ваша страна, бидејќи сте вие најодговорен за спроведување на Деловникот, а мислам дека во конкретниот случај неодговорно постапувате.

Имено, на денешната седница присуствува еден поранешен пратеник кој сега не е пратеник и кој согласно тоа не е поканет на седницата. Согласно Деловникот тоа не е возможно, затоа што, како што кажавте и самите, на претходната седницата на Владата тој е именуван во едно јавно претпријатие и со тоа по автоматизам, по сила на законот му престанува функцијата пратеник.

Бидејќи и покрај тоа, пратеникот поранешен дојде, да не излезе сега дека сме неколегијални, некоректни, да не употребувам некоректни зборови дека го бркаме пратеникот, сепак укажувам на вас да реагирате како претседател, бидејќи пред малку и вие констатиравте дека му е престанат мандатот. Тоа значи причина повеќе да не се создаде забуна во кворумот, во гласањето и т.н., мислам дека е коректно да интервенирате деловнички. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Што се однесува до тоа, јас просто не сакав да го изложам нашиот драг, до пред пет минути, колега на една постапка која не е згодна. Второ неговата картичка е веќе исклучена, тој неможе да зема учество во одлучување итн, така што не гледам некоја сериозност. Но, да продолжиме со дискусијата .

Има збор пратеникот Џеват Адеми.

**Џеват Адеми:** Искажувам задоволство,а како за коинциденција, пратениците од коалицијата ДУИ- и ПДП денеска се на оваа седнивцаза поради фактот што на дневен ред е конституирањето на еден орган кој произлегува од Охридскиот договор, санкциониран со уставните амандмани и е дел од Уставот на Република Македонија.

За мене лично и мислам ниту за еден албанец не е значајно што почитуваната пратеничка е од оваа или друга етничка заедница. Вистина е дека Македонија е мултиетничка држава, вистина е дека идентитетот е неповредливо и неотуѓиво прашање на било кој граѓанин, но овде како за чудо не се нагласува димензијата на сето ова, значи правото на припадноста и правото на застапеноста.

Во Уставот на Република Македонија, како обврска од Охридскиот рамковен договор, Комитетот за односи меѓу заедниците е орган за претставниците на немнозинските заедници, не само во Парламентот на Република Македонија, бидејќи тука има уште една одредба дека тие заедници кои не се застепени, има постапка и начин како преку овој Комитет да ги остварат тие права кои во Законот за Комитетот на дециден начин се евидентирани.

Што во суштина се случува и зошто ние молчиме? Тоа го правиме поради политички мотиви, поради коњуктурални мотиви. Се случува конверзација.

Сакам да бидам искрен, сум прочитал доста и ги знам практиките на религиозна конверзија, на етничка конверзија, уште повеќе кај малите народи, ретко се случило. Ова е морално прашање кое припаѓа на секоја личност поединечно. Но, од друга страна албанската заедница во Македонија, пратениците на Албанскиот народ на Македонија не можат да бидат индиферентни. Тие неможат да дозволат со коњуктурални импровизации, со интервенции противуставни, да се повреди тој механизам кој е создаден и остварен за да се заштитат овие заедници кои не се во мнозинство. И во оваа механичка интервенција, овој значаен

инструмент се пжорира, станува ништо, бидејќи застапниците на немнозинските заедници во овој Комитет, ќе останат во малцинство. Тоа не е случајност. Тоа е една смислена постапка, постапка која е во духот на демонтирањето на Охридскиот рамковен договор, бидејќи челниците на ВМРО-ДПМНЕ ја вградија логиката на непочитување на волјата на поголемиот број Албанци во Македонија, бидејќи тоа е легално за нивното сфаќање. Да, може да биде легално, но не и легитимно.

Ова прашање на конверзацијата и повредата на заштитниот механизам на немнозинските заедници, отвара уште една дилема од каде произлегува сувереноста. Сувереноста произлегува од гласачите, или од претседателот на ВМРО-ДПМНЕ, Никола Груевски. Бидејќи не е доволно граѓанинот Албанец преку слободниот глас да се определи кој да го застапува, тој му рече не, овие не се по моја волја. Го велам со жалење, бидејќи јас имам почит кон чувствата на национата припадност.Да бидеш претставник на еден народ, не е привилегија, не е одговорност, уште повеќе кога тие се оградуваат и го оспоруваат правото ти во нивно име да ги штитиш нивните права и нивните национални особености, културни, политички итн. Овој момент, за жал зборува за непочитување на категоријата на одговорност. Не велам да носиш одговорност, бидејќи одговорноста е субјективно прашање, е морална категорија, манифестација на системот на вредности, одраз на менталниот склоп, додека да сносиш одговорност е категорија која се санкционира. Денес со овој Предлог, тенденциозен би рекол и опасен, се манифестира отсуство на одговорност и отсуство да сносиш одговорност. Жалам за неправдата која и се нанесува на нашата колешка. Не е добро, бидејќи последиците од сето ова ќе се видат утре, задутре, бидејќи овде почнува демонтирањето на механизмот, именуван двојно мнозинство, овде почнува демонтирањето на релевантноста, на тежината, на суштината на овој Комитет. Зошто се исмислени овие категории, ние да гледаме како, коалицијата предводена од ВМРО-ДПМНЕ пред два дена го докажа спротивното, Никола Груевски на манифестацијаат за пет годишнината од Рамковниот договор рече дека консензуален приоритет во Македонија е сочувувањето и негувањето на добрите напредни односи меѓу етничките заедници, додека денес тоа не се случува. Денес ниее сме сведоци на нешто подруго, бидејќи со ова се порачува, во прв ред на албанскиот народ дека измените кои започнаа по 2001 година, конкретизацијата на обврските кои произлегуваат од Охридскиот договор, уставните амандмани и новиот Устав на Република Македонија, од сега и натаму ќе се дедмонтираат. Ве молам, Македонија не успеа пред вратите на Европа како најразвиена држава во регионот, не стигна пред вратите на Европа бидејќи овде граѓаните живеат подобро од било која друга соседна држжава. Не, Македонија дојде до Европа бидејќи ние докажавме дека можеме да негуваме добри меѓуетнички односи меѓу двете заедници. Денес, велам , намерно ова се повредува и се загрозува и се промовира демонтирање.

Завршувајќи ја мојата мисла, апелирам во прв ред до челниците на ВМРО-ДПМНЕ и до Меѓународната заедница, до првите да се повлечат од овој провокативен предлог, од одој Предлог кој Македонија ја води на поинакви патишта, додека на вторите, на Меѓународната заедница, да не бида индиферентни по однос на демонтирањето на едне проект со автори на кој беа и тие.

**Љубиша Георгиевски :** За реплика се јавува госпоѓа Весна Јаневска.

**Весна Јаневска:** Почитуван претседателе, со вашето мало невнимание му дозволивте на сегашниот говорник да ги повтори и да ги злоупотреби ваштие зборови.

Нашиот пратеник господинот Ѓорѓи Оровчанец кажа децидно. На ккого не му е јасно нека го прочита Уставот. Вие сте должен да не дозволите да се повторува. Македонија е унитарна држава и мултиетничко општество. Во овој Парламент не зборуваме за бинационална држава и тема на расправа не беше одлуката на премиерот, кој ќе земе за партнер од албанските партии.

Морално и етичко право на секој граѓанин на оваа земја е да се изјасни така како што сака, а дали ќе го злоупотреби, тоа исто така е негово право. Доколку се случи такво нешто, тоа е после тоа предмет на расправа. Во овој момент сметам дека е недостоинствено да ја навредуваме колешката, во однос на тоа како се изјаснила. Сметам дека нема спор. Доколку се докаже нешто спротивно, што воопшто неможе да се докаже, тогаш да го процедурирате тоа така како што треба. Оваа расправа води кон отварање на расправа во политички систем, а не за она што е тема на дневниот ред, атоа е Комитетот за односи меѓу националностите. Сметам дека одредени пратеници ја злоупотребуваат точката на дневниот ред и сметам дека сте вие тие кои не смее да дозволи тоа да се толерира.

**Љубиша Георгиевски:** Уште еднаш ве повикувам, прифајќајќи ја оваа критика, сите да се држиме до дневниот ред. Но, да продолжиме со репликите.

Контра реплика има пратеникот Џеват Адеми.

**Џеват Адеми:** Жалам што госпоѓата пратеник, или вршител на должност на партијата , ве молам ова е прашање на систем на вредност. Македонија е држава и на Македонците и на Албанците, држава и на Турците и на Бошњаците, Србите, Власите и сите други. Ова е апсолвирана уставна категорија, Затоа, доколку ја отвориме димензијата на етничките припадности, тогаш ќе треба да го измениме Уставот и да го измениме бројот на членовите

на Комитетот и да го зголемиме уште за еден претставник, вистинскиот лидер на госпоѓата која е определена за друга етничка припадност.
**Љубиша Георгиевски:** Повелете господине Матоши имате реплика.

**Ружди Матоши:** Благодарам претседателе,

Како прво, јас и посакувам на опозицијата добродојде во Парламентот и нивната улога верувам дека ќе биде конструктивна, од сега натаму.

Претходниот говорник, господинот Џеват Адеми, говореше за опасноста. Мислам дека овде нема никаква опасност затоа што Македонија е мултиетничка држава, држава која има и мешани бракови, така што кој како се чувствува така може да се определи,што се однесува до националноста . Меѓутоа, мене нешто друго ме заинтиригира а тоа е што навистина во политиката требало да се биде и матичар, значи требало да се знае и матичарството, од сега натаму, затоа што опозицијата почнала со матичарство да ни конкурира тука.

Само сакам да им дадам до знаење на пратениците од ДУИ дека Елмира Мемети е ваш потпарол. Од Асоцијацијата од каде има добиено стипендија, таму и пишува дека националноста и е турска. Значи јас изводот на родени не и го имам видено, меѓутоа стипендијата што ја има добиено за студиите што ги следи во Лондон, таа напишала дека е турчинка.

**Љубиша Георгиевски** : Благодарам.

За контра реплика се јавува господинот Адеми.

**Џеват Адеми:** Сакам да му објаснам на Ружди дека пратениците на коалицијата ДУИ-ПДП, овде се како победници. Тој знае на 5-ти јули кој победи, а кој изгуби.

За Елмира Мемети, на наредните парламентарни избори кога ќе биде пратеник, можеби може да се отвори прашањето. Овде не се говори за етничката припадност, овде се говори за правото на застапеност на една етничка заедница. Но по се изгледа ова се вредности кои луѓе како Матоши не ги разбираат.

**Љубиша Георгиевски:** Уште еднаш предупредувам да се држиме до темата на дневниот ред. Инаку ќе ја прекинам седницата.

Процедурално за збор се јавува господинот Стојан Андов.

**Стојан Андов:** Господине претседателе, зедов збор за една процедурална интервенција.

Ние можеме да се разликуваме во сваќањата за разни прашања, можеме и да полемизираме и верувајте, убеден сум дека и ова прашање ќе го решиме на најдобар начин. Од ова не зависи судбината на земјата. Еден човек може и да го повредиме, не е убаво да го повредиме итн.

Но, како најстар пратеник, сакам да кажам да не се заборави дека една наша колешка, госпоѓата Шеќеринска, склучи брак, а тоа е еден од најкрупните настани во животот. И го честитам бракот во името на сите.

(Аплауз)

**Љубиша Георгиевски:** За реплика се јавува пратеникот Иван Стоиљковиќ .

**Иван Стоиљковиќ:** Имам кратка процедурална интервенција.

Интервенцијата процедурална е предизвикана пред се од говорниците кои говореа, меѓутоа директен импут за процедуралната интервенцијата процедурално беше реченицата на господинот Стојан Андов кој кажа дека не станува збор за еден човек. Јас овде сметам дека и суштината на расправата е погрешна затоа што овдека станува збор за судбина на националните заедници а не за судбината на еден човек. И ако некој разбрал, и Уставот добро го прочитал тоаш тој ќе сфати дека Комитетот за односи на заедниците е направен пред се заради заштита на националните заедници во Република Македонија и на нивните права а заради Бандетеровото правило, и кој тоа го разбрал ќе ја разбере и точката на дневниот ред и на тој начин ќе дискутира. Проблемот кој се јавува е поприолично сериозен затоа што може да предизвика цели национални заедници да бидат изоставени од системот во наредниот период. Тоа сега се случува Влашката, утре може да се случи кај Српската , задутре кај Турците, Ромите и слично. Затоа нашето залагање за гарантирани места на пратениците на националните заедници беше соодветно разрешување на проблем кој денес со сета своја жестина се истура во Собранието на Република Македонија. Затоа ги замолувам пратениците да ја сфатат суштината на Комитетот за односи на заедниците за да можеме да можеме да водиме исправна расправа. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Силвана Бонева има реплика.

**Силвана Бонева:** Благодарам претседателе.

Јас сакам да укажам дека неумесно е колегата Џевад Адеми, да зборува овде и да обвинува за примена на противуставни категории, за демонтирањена Охридскиот Рамковен договор и механизмот на двојното мнозинство и сето ова само заради правото што го има пратеникот кој што припаѓа на влашката етничка заедница да учествува во работата на Комитетот за односи помеѓу заедниците, бидејќи е единствен припадник на влашката заедница и единствен преставник на Влашката заедница во Парламентот на Република Македонија.

ВМРО-ДПМНЕ, почитуван колега не узурпира ничии права, ниту правата на припадниците на албанската етничка заедница, ниту пак правата на припадниците на влашката етничка заедница, вклучувајќи го тука и правото на нашата колешка да се изјасни онака како што се чувствува, како припадник на влашката етничка заедница.

**Љубиша Георгиевски:** Контра реплика Џевад Адеми.

**Џевад Адеми:** По се изгледа долго ќе одиме со овие контрареплики.

Почитувана колешке, не се говори за правото на декларирање, не се говори за правото на припадност на етничка заедница. Се говори за правото на застапеноста на една етничка заедница. ВМРО ДПМНЕ имаше право да кандидира не еден кандидат од влашката етничка заедница, туку повеќе пратеници власи. Но, со ова не се стекнува правото на застапеност, значи без мандатот и легитимитетот на било која етничка заедница никој не може да одлучува во нивно име да одлучува кој ќе ја застапува таа етничка заедница. По се изгледа овие работи не се случуваат случајно. Затоа одговорноста е врз челниците на ВРМО ДПМНЕ.

**Љубиша Георгиевски:** Контра реплика Ристанка Лалчевска.

**Ристанка Лалчевска:** Благодарам почитуван претседателе, би сакала да реплицирам на господинот Адеми за две работи.

Прво, според мене господине Адеми многу опасен е предлогот што го искажавте од оваа говорница да бараме да се повлече предлогот во кој госпоѓа Кипаризова е член на Комитетот за меѓуетнички односи. Значи, вие барате да го прекршиме Уставот, бидејќи Уставот во својот член 8 јасно кажува дека една од темелните вредности на државата е слободно изразување на националната припадност. Госпоѓа Кипаризова се изјаснила во евидентниот лист за својата национална припадност и како единствен преставник, пратеник на влашката заедница според амандманот 12 и е член на Комитетот за меѓуетнички односи. За мене тука е затворено прашањето и во потполност испочитуван Уставот. А вие сега наметнувате една опасна теза ние да преиспитуваме зошто и како некој се изјаснил. Тоа е едната работа. Значи, немаме право да навлегуваме во нешто што значи темелно и основно право на еден граѓанин. Тоа е една работа.

И друга работа кога зборуваме за почитување на нешто што се вика Устав, ве молам, во иднина во вашите говори да внимавате и да се изјаснувате онака како што пишува во Уставот: дел од албанскиот народ, турскиот народ, влашкиот народ итн. Вие си земате за право да викате, дел од албанскиот народ, а за другите ги именувате со заедници. Тука вие го кршите Уставот.

**Љубиша Георгиевски:** Контра реплика господинот Адеми.

**Џеват Адеми:** Не се говори за тоа дека говориме различни јазици, јас говорам албански, а вие македонски. Проблемот е во тоа што не се разбираме. Тоа што за вас е опасен предлог, за мене и пратениците на ДУИ и на ПДП е најдобриот можен предлог кој ние го предложивме. Повторно нема да се разбереме. Не го спори никој правото на припадноста и декларирањето. Спорно е правото на застапеноста. Почитувани пратеници и ова право најмалку до денес никој не го има сносено, значи почитуваната пратеничка да биде преставник на влашката заедница во Комитетот за односи меѓу заедниците.

**Љубиша Георгиевски:** Заради мои протоколарни задолженија за промоцијата на Комисијата за еднаквост на полови, предлагам пауза од половина час.

(По паузата седницата продолжи во 12,30 часот)

Ги млам пратениците да влезат во салата.

Продолжуваме со работа.

Госпоѓа Кипаризова, процедурално.

**Анита Кипаризова:** Почутуван претседателе, почитувани колеги пратеници,

Денеска не планирав да земам збор на денешната седница на Собранието и да дискутирам околу Комитетот за односи меѓу заедниците, меѓутоа бидејќи бев повикана токму од страна на господинот Куркчиев и некои други, а сметам и за волја на вистината и за јавноста да кажам неколку зборови околу она што беше денеска презентирано и во овие неколку претходни денови.

Дали сум македонка или влаинка, сметам дека не е потребно да докажувам пред никого затоа што јас знам што сум и тоа го имам на јасен и недвосмислен начин изјавено онаму каде што има потреба. Така што ниту во еден акт, ниту во еден закон, ниту пак во Уставот е напишано дека некој смее да ги крши правата на еден човек кој што сака да се изјасни онака како што смета дека треба. Инаку, за ваша информација јас сум Анита Кипаризова-Крстевска, родена во Охрид на ул. "Питу Гули", горна влашка маала, ако ве интересира, поконкретни податоци. За моето влашко потекло не сметам дека треба да ви докажувам. Меѓутоа, сметам дека јавноста може и треба да ги знае за да не се шпекулира и за да не се замајува од ваша страна јавноста. Значи, за моето влашко потекло кое што датира околу три, или четири века во Охрид нема потреба да се докажува, затоа што тоа го знаат сите охриѓани и ваквите изјави беа за могумина смешни. Меѓутоа, за да ве информирам доколку не знаете, може да побарате и литература, може да ја побарате и книгата Власите во Охрид, од историчари, историографи со кои што точно е кажано колку и од кога датира семејството Кипариз.

Во однос на изјавите кои што ги слушав од претседателот на Здружението на власите и на политичките партии, дали сум била македонска, или влаинка и тоа сметам дека е ирелевантно. И се прашувам дали тој има некое ексклузивно право или ги има, на листа сите Власи кои што се во Република Македонија. Доколку тој го има тоа ексклузивно право да знаее кои се и што се и доколку треба да се изјаснуваме прво пред него па после пред Уставот, пред законите и

пред сите документи каде што има потреба, да знаеме за во иднина каде и што да се изјаснуваме.

Вашите изјави ги слушав и во медиумите, дека коментиравте, импликации согласно Уставот, согласно законот. Ве прашувам вас дали и кој треба да ги сноси таквите импликации, дали оној кој што има право на слободно изразување на својата волја, или пак оној кој што се обидува да го спречи некого како да се изјаснува. Се зачудувам и едноставно не ми е јасно, на кој начин и вие докажавте господа, со кои документи, еве јас да ги прибавам доколку сметате дека е потребно, дека сте власи, албанци, македонци. Едноставно нов пратеник сум во Собранието, па не ми е јасно кои се тие документи со кои што вие докажавте.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам. Времето веќе истече.

Во меѓувреме евидентниот лист на пратеникот Кипаризовска ќе ви биде поделен.

Дозволете ми сега во свое лично име да се извинам на пратеникот Кипаризовска заради тоа што овде беше поставена на една инквизиторска клупа. Овој Парламент во еден момент посака да биде и инквизитор. Јас во свое лично име ви се извинувам. И потсетувам дека во основната Конвенција на ОН за човекови права пишува: Етничката припадност не се дебатира. Ние драги мои дами и господа ја прекршивме таа Конвенција и покрај моето сериозно предупредување на самиот почеток на дебатата што не го правам како рутина, ниту сум мислел да го направам. За жал, она што го предвидов се исполни. Затоа ве молам, ја продолжуваме дискусијата, ве молам повеќе да не се дебатира етничкиот идентитет на никого, па дури ни мојот. Бидете добри. Има збор Оливер Спасовски.

**Оливар Спасовски:** Почитуван претседателе, дами и господо пратеници.

Сакам на почетокот да забележам дека употребивте многу тежок збор за Парламентот чиј што прв човек сте вие. Инаку, ние сакаме да ги искажеме нашите видувања, посебно за оваа точка од дневниот ред која што е многу значајна точка и регулира една значајна материја пред се за меѓунационалните и меѓуетничките односи во Република Македонија. Точка со која што се регулира едно уставно прашање кое што претставува за нас врв во хиерархијата на почитувањето на актите. Ако имаме во предвид дека Собранието има должност да го почитува пред се Уставот, законите и другите акти и Деловникот. Токму заради тоа се јавив за дискусија, бидејќи во овој Парламентарен состав од почетокот на работата преседаните полека стануваат пракса. Впрочем ние од СДСМ и од коалицијата за Македонија заедно и на Комисијата за избори и именувања покренавме две прашања кои што претставуваат дилема за нас и дебатиравме на таа тема. Сакаме и овде на пленарната седница да ги истакнеме.

Прво, сметаме дека навистина во однос на составот на Комитеот за односи меѓу заедниците и сега е направен еден преседан опозицијата да има само два члена, додека парламентарното мнозинство пет, иако во претходниот Парламентарен состав според некој договор соодносот бил 4:3. Добивме објаснување од претседателот на Комисијата дека тоа е согласно со процентот и ние го искажуваме нашето несогласување и протест по однос на таа работа.

Второто нешто за кое што реагиравме на Комисијата и сега сакаме да истакнеме, тоа секако дека можеби не му се допаѓа некому, меѓутоа, пред се ќе говориме заради тоа што мораме да го почитуваме Уставот на Република Македонија. Се согласувам дека Уставот и сите треба да се согласиме Уставот мора да го почитуваме во целост. Така што и членот 8 во кој што се укажани темелните вредности пред се за слободното изразување на националната припадност и ние тоа не го спориме кој како се изјаснува во даден момент на која заедница припаѓа во Република Македонија. Меѓутоа, многубројните реакции кои што беа и од страна на невладините организации, здружението на власите, партијата која што е коалиционен партнер во коалицијата за Македонија заедно и многубројните писма кои што ги добивме навистина укажува дека има обид да се руши правниот поредок и Уставот заради тоа што веројатно е потребно за остварување на некои политички интереси и цели. Се сомневаме заради тоа што мислиме дека имаме сознание дека изјаснувањето како македонка во анкетниот лист за изборите . . .

**Љубиша Георгиевски:** Ве молам, ова да не го дебатираме.

**Оливар Спасовски:** Претседателе, јас разговарам по точката на дневниот ред и вие не можете да ми зборувате што ќе кажам во тој дел. Оставете ме да зборувам.

**Љубиша Георгиевски:** Дајте да не ги минуваме границите на добриот вкус.

**Оливар Спасовски:** Ве молам, обезбедете ми нормално да можам да ја завршам дискусијата.

Токму заради заштита на уставната одредба и она што значи, Комитетот за односи меѓу заедниците која е неговата цел за заштита и унапредување на правата на заедниците ова го кажуваме. И сметаме дека не треба да ги ставаме тесно политичките интереси на прв план, а да занемаруваме нешто што навистина треба да биде приоритет во овој дел. Знам дека на Парламентарното мнозинство не му се допаѓа оваа работа и ова што го говориме сите ние. Меѓутоа, тоа го говориме пред се заради тоа што ако на ваков начин обезбедуваме Бадентерово мнозинство и ги донесуваме законите, се поставува прашање дали нема опасност таквите закони по покренување на иницијатива пред Уставниот суд ни паднат. Заради тоа сакаме да ги искажеме нашите

мислења и нашите дилеми кои што овој пат се наметнаа во јавноста. Мислам дека тука е местото каде што треба да ги затвориме овие расправи и да не се остава ниту една дамка на формирањето на овој Комитет кој што е новина во нашиот уставен поредок и да биде навистина онака како што треба воспоставен.

**Љубиша Георгиевски:** За реплика се јави Илија Димовски.

**Илија Димовски:** Благодарам претседателе.

Се јавувам за збор со цел да ја појасниме дискусијата и да ја појасниме процедурата за избор на Комитетот за односи меѓу заедниците. Значи, Комитетот го сочинуваат 19 члена од кои по седум члена од редот на пратениците во Собранието Македонци и Албанци и по еден член од редот на пратениците Турци, Власи, Роми, Срби и Бошњаци. Квалификација легитимен претставник во Уставот нема. Ниту пратениците Есад Рахиќ, ниту пратеникот Кенан Хасипи и Иван Стоиљковиќ не се легитимни претставници на нивните етнички заедници, поради тоа што во Собранието не се влегува по тој принцип туку се влегува по принцип учество на избори. Претходно споменатите тројца пратеници во Собранието на Република Македонија се влезени како на листа на кандидати на коалицијата за Македонија заедно. Значи, во конкретниот случај од пет припадници на помалите етнички заендици во Република Македонија, значи станува збор за Турците, Власите, Ромите, Србите и Бошњаците. Тројца се пратеници кои што во Собранието на Република Македонија се избрани преку листите на СДСМ, а двајца се кои што се избрани преку листата на ВМРО ДПМНЕ со својата коалиција. Значи, единствени легитимни претставници тука не може да стане збор. Поради тоа што господинот Кенан Хасипи може да биде само легитимен претставник на оние граѓани кои што гласале за Коалицијата за Македонија заедно, а такви се и Македонци и Турци и Власи веројатно и некој Албанец веројатно и тн.Значи, ве молам, прецизирано е јасно. Ако нема пратеници од специфичната етничка заедница, тогш се применува другата постапка. Не би сакал да невлегувам во онаа дискусија која што ја водат колегите од СДСМ поради тоа што таа дискусија мене ме потсетува на периоди кои што за среќа се минато на оваа држава.

**Љубиша Георгиевски:** Контра реплика Оливер Спасовски.

**Оливер Спасовски:** Благодарам претседателе. Иако многу не беше реплика на мојава реплика, меѓутоа токму за тоа говориме ние во Собранието денеска, а говоревме и на Комисијата. За тоа кој како се однесува, односно се чувствува како припадник на националноста и како влегуваат во Парламентот и дали тие се претставници или не на одредена заедница, кажавме дека тоа е уставно право да се изјаснува секој како што сака. Меѓутоа, овде говориме дали тоа го знаеле избирачите кои што гласале за него и дали во тој период се изјаснувале како македонци.

**Љубиша Георгиевски:** Реплика господинот Есад Рахиќ.

**Есад Рахиќ:** Ви благодарам. Само да разјасниме. Се работи за принципи за кои што јас неколку пати дискутирав за форма и почитување на закони и законски прописи. Јас за разлика од колешката и од колегата кој што направи еден бисер Балкански, па спомна, кажа, дека не сум претставнк на бошњаците, СДСМ како партија е партија на граѓани на Република Македонија кои што се чувствуваат како припадници на одредени етнички заедници, Македонци, како што е и ВМРО ДПМНЕ верувам и сите останати. Мене лично тешко ми паѓа бидејќи сум дел од една етничка заедница кога се расправа за нечија припадност, или не. Меѓутоа, мојата дилема е следнава. Прво, јас сум деклариран како Бошњак и во претходните четири години и сега. Затоа тука не сакам да расправам, дали јас сум претставник или не сум претставник на Бошњаците во Република Македонија. Тоа за мене е нон сенс. Меѓутоа, она што господинот Спасовски го кажа, сакам да ви укажам уште еднаш. Постојат институции и институти во оваа држава и правен систем. Како една опомена да речам, или како едно предупредување. Што ако Демократскиот сојуз на власите или влашките партии поднесат претставка до Уставен суд кога утре ќе донесеме овој закон за кој што претпоставувам дека Комитетот ќе утврди дека нема обврска да се гласа по Бадентер. И ако постои документ на кој што пред три, или повеќе месеци дотичната госпоѓа била Македонка, а сега е Влаинка. Јас во принцип не сакам да расправам за тоа бидејќи тоа се интимни чувства. Сепак, еволуцијата е малку подолготраен процес според Дарвин. Можеби според нас тоа трае кратко. Меѓутоа, сметам дека три месеци е прекраток рок. Затоа јас би апелирал другите колеги пратеници како јас, Ќенан Хасипи и останатите да не бидеме вовлекувани во оваа по мене процедурална.

**Љубиша Георгиевски:** Тоа што го предлагате вие, дозволете, гротеска чиста. Значи влашките организации се поседник на совеста етничка на еден човек. Ние имаме во историјата познати примери да се одзема татковината на некој човек. Од утре не е Рус повеќе. Тоа се опасни работи. Тоа се опасни води во кои навлегувате. Ќе ви кажам експривата зошто навлегувате во тие води. Не сакам од овде.

**Есад Рахиќ:** Вие ме обвинивте за нешто што не е. Секој граѓанин во Република Македонија има право да поднесе преставка пред органите. Ако тоа се случи, јас прашувам. Не прејудицирам ништо друго, туку чисто да го опоменам, да не правиме преседани во Парламентот.

**Љубиша Ѓеоргиевски:** И јас се борам да не правиме, ама ги правиме. Ни повелбата на ОН за нас не постои. Ништо не постои. Ниту човечко

достоинство, ниту приватна сфера. Сите тврдиме дека сме граѓанска држава. Во граѓанската држава врховен авторитет е индидивидуалитетот. И тој не смее да биде вака малтретиран.

Не може повеќе контра реплика, зашто имавте реплика господине Спасовски.

**Ќенан Хасипи:** Господине претседателе, поради слабите познавања на правната проблематика на претходниот колега нема да му реплицирам, ќе земам збор пошироко да елаборирам.

**Љубиша Ѓеоргиевски:** Господинот Азис Положани е на чело на листата за збор.

**Азис Положани:** Почитувани пратеници, уште на почетокот сакам да кажам дека воопшто не е пријатна ситуацијата која ни се наметна за расправа и која што ние за жал, сме принудени да говориме за работи, и јас се согласувам со тие кои што мислат дека тоа е лично право и гарантирано право на секого.

Сакам на почетокот да нагласам дека тоа не беше, ниту е наша желба да измисли нешто што ние го наметнавме, туку е волја и желба, или тенденција кои што сакаат да ја наметнат оние, кои што уште на стартот на владиниот мандат се обидоа да дезавуираат, или да маргинализираат тежина на граѓанскиот глас и врз тоа дезавуирање, или маргинализирање на гласот на граѓаните во една мултиетничка држава, врз основа на едно мултиетничко општество така како што сака тука да се каже, беше основно начело за градењето на владините структури и други структури кои што би биле стабилни, конзистентни и легитимни. Значи, ова не е нашиот избор и ниту е нашата желба кога се отвори оваа полемика, туку е желба и интонирање на оние кои што го направија уште на првиот чекор и во градењето на Владата и како такво и уште тогаш ние рековме дека овој пристап и овој начин на градење на институциите ќе падне од демократски аспект во дисторзии и во други нарушувања, да не говорам за медицински, значи во нарушување на демократските процеси кои што задолжително ќе проследат со континуитет и со тенденција за изнаоѓање на аргументи или за градење на основа или за создавање на еден псеудолегитимитет за функционирање на Владата кога веќе сега се знае дека таа Влада всушност е Влада на една држава која што се согласувам дека е унитарна, се согласувам дека е граѓанска и се согласувам, и треба сите да се согласиме дека е и мултиетничка држава. Дека е мултиетничка е фактот дека освен граѓанските механизми кој што ги гарантира Уставот преку слободниот глас и гласањето. И тоа што претседателот на ВМРО го искористи за градењето на Владата, што беше од легален аспект е во ред. Може слободно да се каже дека постојат елементи, кои исто така гарантираат мултиетнички концепт, кој токму е овој Комитет и двојното мнозинство, кој што ние го нарекуваме Бадинтерово мнозинство.

Затоа, почитувани пратеници, посебно господинот кој што реплицираше последнот час, значи непотребно е за ова прашање. Сепак, мислиме дека се отворија некои прашања, кои што се во однос на етничката димензија, затоа што овие механизми се замислени само за гарантирање на етничката застапеност. Затоа, кога нема претставник во Парламентот, тогаш бара од орган кој што во Уставот е Омбуцман за да се најде најдобриот, најадекватниот начин на претставување на таа заедница, која што ја одразува димензијата на мултиетничката држава во парламентарен аспект. Значи, ние ова прашање не го отворивме, туку го отворија оние кои што всушност, сакаа да го продолжат и сигурно ќе го продолжат патот во градењето на овој политички процес, кој што всушност, секогаш ќе има проблеми и ќе паѓа во проблеми, додека не се поправи.

Инаку, лично, дозволете почитувани пратеници и госпоѓи пртенички, што денес, еве лично, вие за жал, се најдовте на дневен ред и јас го изразувам моето искрено сочувствување со вас, што вие го искористивте исто првото, така како што вие се чувствувате и процедурата бара тоа да биде јавно и транспарентно. За жал, можеби во спротивност со другите права, значи со правата на човекот, како што вели господинот Ѓеоргиевски. Меѓутоа, секако имајќи го предвид фактот дека ние градиме еден мултиетнички коцепт и мултиетничка држава. За жал, ова треба да се декларира во цел на коегзистентност и за креирање на легитимитет затоа што ќе следи и што има етничка државност. Значи, не се говори за граѓанскиот концепт.

Дозволете да ги изразам моите симпатии врз основа на ова начело и правото на слободниот граѓанин во Македонија да го изразите и вие вашето право како што се чувствувате и за тоа да нема никаков проблем. Ние како Албанци сме оние кои што всушност, историски чувствителни по ова прашање, затоа што сме оние кои во разни периоди, многу често сме имале ситуации кои што всушност не чинеле многу и каде ни се наметнувал ентитетот. Некогаш од причина да се оди во некоја голема држава како што е Турција, ни се наметнувало и сме биле принудувани да се изјаснуваме како вакви или такви. Во друга ситуација на некој друг му се наметнувало исто така од тој аспект на политички коњуктури да се изјаснуваат вака или онака, меѓутоа, никогаш не се наметнувало коњуктурите некому да се наметне да се изјасни некој како член на некоја мнозинска заедница. Ова е нов квалитет во односите на Македонија кога ние овозможивме преку Рамковниот договор да им овозможиме на луѓето, дефинитивно настојувањето на мнозинството да наметне на своите граѓани припадности во нечии прилог, или во некоја друга форма да се оствари вакво нарушување за демокртски дизбаланси како што беше тоа во 50-тите, 60-тите години, мислам дека таа ера заврши и

мислам дека го искористивте тоа право и тоа ме радува. Го даваме нашиот придонес што е резултат на една нова клима и односи нови што се создаваат во Македонија.

Затоа, јас ова настојување и овој денешен акт што се реализираше тука и кој што следи го ценам како непотребен и наметнат од оние логики со една нова тенденција како што кажав и порано. Не е ниту наша желба, ниту сме ние тие што ја спориме вашата припадност, почитувана госпоѓо пратеник како вие ќе се изјасните, или се изјаснувате. Ние имаме право да го покренеме ова прашање тука од фактот што тоа го покренаа една заедница со своите политички претставници кои се надвор од Парламентот, значи разни здруженија што се легитимни, јас сметам дека тие имаат некоја теорија дали имаат за нешто право или немаат меѓутоа, тоа е расправа за која што се бара разјаснување. Тоа разјаснување е од причина што таа тенденција е со градењето на Владата, меѓутоа, продолжуваат со тоа што се случува денеска и сигурно дека ќе продолжи и понатаму се со цел за создавање и градење и конструирање на една структура или на еден нов однос во Парламентот кој би овозможил реализирање на определени политики кои што зависат и од онаа заедница и од двојното мнозинство за политики на меѓуетнички односи. Ние сме заитересирани за Охридскиот договор и за механизмите кои што гарантираат за реализирање на правата на заедниците и сме заинтересирани тоа да се изведе врз основа на потребен кредибилитет, легитимитет и да има потполн кредибилитет за да биде во функција на граѓаните кои што тој ги претставува и кој што со Устав му е признаен. Затоа, овој е уставен орган, односно Комисија со уставна улога во вклучување на правата и на етничките заедници во рамките на концептот како што реков, Македонија е мултиетничка држава, со мултиетничкото изразување на мултиетничкото општество кои често пати треба да се расправаат. Ние сме вознемирени овој пат, затоа што овие настојувања продолжуваат не случајно. Сега, не само што некој може да се изрази како што сака, тукуимаме информации, имаме право и да се вознемириме, затоа што некој сега се изјаснува дека е член на некоја заедница која што и не постои во Уставот. Некој овде рече дека има дел од опозицијата е вознемирен затоа што направија свои математики. Кои се тие матеметики кои ги направил делот кој што ја поддржува Владата. Зарем нема тука математики. Значи има математики кои што постојат и кои што се на штета на реалното изразување на расположението на населението. Како што реков, оваа работа криво се почна. Затоа сме ние вознемирени. Ние не сакаме да се создадат односи и меѓуетнички тензии во Република Македонија и тие тензии кои што постоеле се решени и може да постојат уште, меѓутоа, по сигналите на Охридскиот договор за овие притисоци и тензии се направија механизми за нивно решавање. Доколку овој механизам, како што е Бадинтеровиот механизам, тоа не значи дека меѓуетничките односи ќе бидат секогаш како што треба. Секогаш ќе има конкуренција која што не се исклучува затоа што во Охридскиот договор е предвидено со Уставот да се гарантираат инструменти овие тензии или недоразбирања, секој институт да има внатрешен капацитет тие да ги апсорбираат и да ги реши. Значи да нема потреба вон институционално да се решат овие проблеми.

Затоа, без разлика некој како се изјаснува, затоа што тука се повредуват инструментите кои што гарантираат или кои што би требало да гарантираат како такви, значи би ги гарантирале местата каде што би се решиле прашањата, со сета нивна енергија Зошто не реагираа институциите кои што се замислени за оваа цел во институциите.

Затоа, почитувани дами и господа, мислам дека има потреба повторно да се разгледа предлогот, да се стави повторно во функција на оваа цел, добра цел, која што и ние ја изјаснуваме, институциите да бидат со полн капацитет, тие што ќе можат да ги апсорбираат сите проблеми, сите дилеми и секое недоразбирање кои што мултиетничките општества ги имаат. Судбината на тие општества ќе зависи од капацитетот и силата на институционалните инструменти за апсорбирање и решавање на тие проблеми.

Затоа, бараме поврно да се разгледа предлогот од страна на предлагачот на оваа композиција за да се одбере подобро решение да биде во функција на тоа што го кажав. Благодарам.

**Љубиша Ѓеоргиевски:** За реплика се јави госпоѓата Јагнула Куновска.

**Јагнула Куновска:** Како пратеник во ова Собрание, многу ми е жал, што колегите пратеници од Пратеничката група ДУИ денеска дојдоа со толкав политички набој, а беа отсутни толку време од овој Парламент и се трудат да го искажат се она што имаат намера во многу седници и во многу дискусии, по многу теми да се искаже.

Мислам дека не сме должни ние сето тоа да го слушаме и да одиме надвор од дневниот ред. А конкретно, имам реплика за господинот, како и на претходниот пратеник од ДУИ дека не се работи за ненамерно, туку намерно спомнување, дека оваа држава Република Македонија е мултиетника држава.

Јас сум правник, претендирам да се почитува Уставот и сметам дека и оние кои што не се правници го почитуваат Уставот. Затоа што, има дијаметрална разлика помеѓу мултиетничка држава и мултиетничко општество. Да спомнам само, не само Македонија што не е мултиетничка држава во Уставот, туку ни една држава потесно во Европа не е мултиетничка. Постојат само мултиетнички општества, меѓу кои што е и Македонија.

Јас ги знам задните намери на колегите кои што намерно дискутираат за тоа. Но белким ќе

имаме време некој друг пат. А сега, претендирам да се држиме до точката од дневниот ред. Благодарам.

**Љубиша Ѓеоргиевски:** За контра реплика се јави господинот Азис Положани.

**Азис Положани:** Ви благодарам госпоѓо пратеник, цела почит што ја имам за секој пратеник. Јас не сум за исполнување на вашите барања и потреби да го надминеме ова време за кое што зборуваме. Јас сум тука да ги изразам тие работи на граѓанинот што ме избрал, како и вас.

Во што се состои правната и политичката дилема. Мислам дека немам никаков коментар да кажам за тоа. Тоа е елаборирано веќе стотици пати и жалам што вие уште не сте го разбрале тоа, зашто правно како што реков оваа држава е унитарна и граѓанска, меѓутоа, и мултиетничка држава. Колку вие тоа лично повеќе го разберете ќе ги надминеме полесно проблемите.

**Љубиша Ѓеоргиевски:** Господинот Витанов се јавува за процедурално.

**Зоран Витанов:** Благодарам претседателе. Јас би сакал сепак да ви сугерирам вам како претседавач на пленарните седници. Секогаш кога свесно или несвесно во коментарите ќе се каже дека Македонија е мултиетничка држава, треба вие да бидете тој, кој што ќе реагира. Да не реагираме ние пратениците, бидејќи потоа се отвора непотребна дискусија, бидејќи сепак, вие немате право туку обврска да го штитите Уставот на Република Македонија. Би ве молел секогаш да реагирате, бидејќи неколку пати од неколку говорници денеска беше направена свесна, или несвесна грешка, Македонија како што кажа претходната дискутантка, почитуваната Куновска е мултиетничко општество, но не е мултиентичка држава. Благодарам.

**Љубиша Ѓеоргиевски:** Има збор господинот Каба Галип.

**Каба Галип:** Благодарам господине претседателе,

Јас мислам господине претседателе дека пратениците од опозицијата, посебно опозицијата ДУИ која е присутна на оваа седница неколку пати ја злоупотребуваат говорницата. Бидејќи им се укажува, дискусиите не влегуваат во дневниот ред, барам во согласност со дневниот ред дискусиите да бидат плодни и да придонесат оваа седница да има што посоодветен третман и да тече што поубаво.

Доколку направиме една ретроспектива кој има право да биде во Владата денес или зошто не е во владината коалиција некој од опозицијата мислам дека правиме грешка.

Поради ова, ние доколку направиме ретроспектива од оваа природа, ќе се вратиме и на седниците од минатата Влада кога имаше расправи и дискусии на пленарни седници од пратениците на ДУИ за различни афери. Доколку говориме за нивните грешки во нивниот мандат, можеме да говориме и за нивното минато.

Јас сакам да немаме ретроспектива и да говориме во однос на дневниот ред и мислам дека треба да се придржуваме на ова.

**Љубиша Ѓеоргиевски:** Предлагам да прекинеме со репликите, затоа што ова не води никаде. Затоа што говориме на општи теми. Тука пратеникот Галип има право. Дајте да сме поконструктивни да говориме за она што е суштина, зашто така ќе говориме до бескрај. Јас ги ценам вашите предупредувања но не можам да сум току репресивен, да упаѓам во збор на луѓе, да им одземам збор. Тоа не е добро.

Треба да се договориме како луѓе, кој ги претставува граѓаните на оваа земја, како претставници на нивниот ум, да се договориме како луѓе за мерка, да се договориме за тоа да не се навредуваме едни со други, да се договориме, да не ги минуваме границите на добриот вкус и во крајна линија, да се договориме за нешто што е продуктивно, да не се вртиме во круг.

За контра реплика се јавува господинот Положани, и ве молам да завршиме со репликите затоа што е тоа јалова и неплодна дискусија. Граѓаните знаат на крај за кого ќе гласаат. Не се гради овде имиџот на партијата. Овде се работи, овде се носат закони во корист на државата.

Повелете господине Положани имате контра реплика.

**Рафис Алити:** Почитуван Георгиевски, вие треба да го спроведувате Деловникот на Собранието, а не да држите политички час или пак да не молите како ние да дискутираме и да делуваме. Ова Собрание има свој Деловник и пратениците на ДУИ дискутираат во согласност со Деловникот. Така што, јас би ве замолил Собранието да биде продуктивно, да не ги молите пратениците за тоа колку да дискутираат и како да дискутираат, туку да се почитува Деловникот. Доколку се почитува Деловникот, тогаш Собранието ќе биде плодно.

**Љубиша Георгиевски:** Јас ништо не замолив што не е во рамките на Деловникот.

Повелете уште таа контра реплика, господине Положани.

**Азис Положани:** Јас немам намера да му реплицирам, во согласност со вашите препораки, но секако, тезата која од вас се бара да интервенирате кога се нагласува мултиетничка држава или Македонија како мултиетничка држава, дека овде е речено од многу државници, да не ја редуцираме оваа теза во нешто сосема ирационално, ќе го кажам ова. Имено ова го реков за да заврши една теза и да не се трудат правниците да ја искриват оваа политичка застапеност во Парламентот, во Уставен суд или во судска постапка. Значи уште

еднаш ќе ви кажам и ќе инсистирам, бидејќи со Устав е дефинирана како унитарна и граѓанска држава и мултиетничка држава, ќе го кажам и тоа, можеби се надевам дека нема да мислите дека е балканска држава, европска држава, бидејќи и тоа не стои во Уставот. Значи да не провоцираме расправи или контра реплики од ова природа, бидејќи логиката е сосема едноставна и тие се тие кои го провоцираат ова наше поведение.

**Љубиша Георгиевски:** Процедурално за збор се јавува господинот Матоши.

**Ружди Матоши:** Господине претседателе, господинот Азис често говори за тежината на гласот.

Јас како претседател на парламентарната група, кој сака нека поднесе интерпелација, ние ќе ја потпишеме и ќе кажеме како ги краделе гласовите во Грешница, Зајас и на други места, каде ги купиле гласовите итн. Затоа, во однос на тежината на гласот, да ги прекинете, ако сакаат нека поднесат интерпелација, ќе излеземе со статистики и ќе им кажеме како ги краделе гласовите.

И во однос на меѓуетничките односи, вие имате имиџ, за крадењето на гласови, за криминализирањето на албанската младина. Не знам какви меѓуетнички односи сте негувале во текот на изминатите четири години. Вие спомнувате како јас сум земал 45 илјади евра во времето на Груевски итн.

**Љубиша Георгиевски:** Продолжуваме со расправа.

Госпоѓата Лилјана Поповска не е тука.

Има збор пратеничката Радмила Шекеринска.

Повелете.

**Радмила Шекеринска:** Почитуван претседателе, само да кажам дека би ве поддржале доколку во свои раце го преземете раководењето со оваа седница, бидејќи очигледно е дека еден дел од пратениците дискутираат на некои други теми, меѓутоа вие како претседател одлучувате кај некои да интервенирате, а кај некои не. Се надевам дека злоупотребите на можноста за процедурална реакција во иднина нема да ги дозволувате. Инаку ваквите дискусии ќе бидат неплодни и ќе траат бесконечно.

Мислам дека дискутираме по важна тема, иако навидум ситна. Зошто? Затоа што и покрај вашиот обид да ја претставите дискусијата како обид за инквизиција, мислам дека ќе се согласите дека кога јавноста бара одговори и кога бара информации од сите нас, наша обврска е да ги дадеме тие информации и притоа да не бараме да бидеме поштедени и од така наречена инквизиција. Ако сме се плашеле од таква инквизиција, тогаш не сме требале да влегуваме во политика и не сме требале да се кандидираме за пратеници.

Пратеничката група на СДСМ целосно го поддржува ваквиот став дека ние како Собрание не само што не смееме да го одземеме правото на било кој граѓанин да избере и да ја декларира својата припадност, етничка припадност, туку и треба да го заштитиме тоа право и според конвенциите и според духот на нашиот Устав и нашите закони. Меѓутоа, овдека не зборуваме за граѓанското право за декларирање на припадност. Овдека зборуваме за специјална привилегија или можност која што ја имаат само еден дел од македонските пратеници. Значи јас имам право да се декларирам, како македонка сум си избрала да се декларирам, сум можела да се декларирам и на поинаков начин. Тоа право го имам како граѓанин. Кога сум дошла овде и сум се декларирала како еден од 120 пратеници, во тој момент јас одлучила да не ја користам специјалната привилегија која можеби ќе ја користев, ако поинаку се декларирав.

Точно е дека секој од овие пратеници пополнил евидентен лист и ако напишел дека, на пример е член на влашката заедница, можел да ја добие и опцијата, можел да ја добие и привилегијата да членува по автоматизам и во овој Комитет за односи помеѓу етничките заедници. Значи сега веќе не зборуваме за нашите права како граѓани, туку и за нашите привилегии или можности кои ни се нудат на секој од нас како пратеник. Кога се кандидираме како пратеници, свесни сме дека можеме да имаме специјални права, некој ќе ги крсти припилегии, ама мора да бидеме свесни дека со тие привилегии доаѓаат и некои специјални обврски. Тие обврски се обврски спрема нашата јавност и тие обврски значат дека кога ќе излеземе во јавност ќе не прашаат, дали сте вие припадник на таа и таа етничка заедница, ние како пратеници сме должни да дадеме одговор на тоа прашање.

Би сакала да ставам јасно до знаење дека ова нема врска со, за жал, една пратеничка која е наша нова колешка, иако сме сите нови во овој Парламент, стартуваме подеднакво со еднакви права и обврски, меѓутоа, се работи за принципиелно прашање.

СДСМ нема никаков интерес. Доколку госпоѓата Кипаризовска не беше влаинка, СДСМ немаше да има плус член или минус член во Комитетот за односи меѓу заедниците. Значи не постои никаков интерес поради кој се покренува ова прашање. Меѓутоа, знаете, ако ова прашање поминеше така, неодговорено и непоставено, утре и СДСМ ќе носеше одговорност заради тоа што не реагирал. Утре може да ни се случи, една опозициона партија, еве сега нека биде тоа СДСМ, да се договори сите нејзини пратеници, бидејќи сме ги изгубиле изборите, да влеземе во Собрание и да се декларираме, кој влав, кој турчин, кој албанец, кој србин, иако тоа нема никаква врска со нашата етничка припадност, но го имаме правото. Според Конвенцијата ние можеме да влеземе во оваа сала и да кажеме, од денес сме албанци, турци, срби, власи. И што ќе се случи, да ги блокираме сите закони кои ќе се носат со Бадинтерово мнозинство. Значи овој инструмент кој ни е ставен во Уставот, може да

се злоупотреби. Јас не мислам дека во овој случај на еден пратеник дека е направен обид да се злоупотреби инструментот. Не можам да гарантирам. Ако во првиот случај не реагираме, каде ќе ни биде крајот, кога десет пратеници ќе се пријават, кога ќе блокираат носење на некој закон, кога припадниците на сите малцински заедници ќе видат дека всушност некој друг се пријавува на нивно име? Ова не е прв пат да се злоупотребува принципот на т.н. позитивна дискриминација. Прв пат е можеби да се случува тоа во Македонското собрание.

Сите ние сме сведоци дека кога се воведе таков принцип на упис на универзитетите, државни универзитети, некои избраа да го искористат или да го злоупотребат принципот, па се пријавуваат дека се членови на други етнички заедници за да влезат и да добијат предност на листите. Секој инструмент на позитивна дискриминација може да се злоупотреби. Наша обврска како Собрание е тоа да не го правиме ние. Наша обврска како Собрание е да водиме сметка, инструментите кои сме ги создале да не се користат против правната држава, против принципите од кои потекнале. Заради тоа, мислам дека самата дискусија нема да ни го реши проблемот.

Јас би сакала да дадам еден конкретен предлог, бидејќи оваа дискусија беше покрената и од страна на јавноста. Прво во медиумите почна да се шпекулира дека во најголемата пратеничка група, еден од новодојдените, од пратениците кои подоцна го верификуваа својот мандат, ќе се пријави како припадник на малцинската заедница и на тој начин ќе овозможи Бадинтерово мнозинство во иднина. Значи тоа почна прво да се зборува во јавност. Обврска на сите нас е тоа да го демантираме. Мислам дека на таков начин ќе покажеме дека Собранието сака да ги решава проблемите, а не да создава нови. Можеби најважниот дел од Бадинтеровиот принцип не е веќе толку заштита на албанската етничка заедница, бидејќи за неа важат и некои посебни одредби од Уставот. Меѓутоа, што се случува со србите, турците, власите, бошњаците, ромите кои токму во овој принцип и во овој Комитет за односи меѓу заедниците гледат шанса нивниот глас да се чуе, да биде забележан, да биде сослушан и да биде почитуван. На ваков начин можеме ние да ја срушиме таа структура која ја создадовме и која доведе до стабилност на државата.

Токму поради тоа предлагам, ако госпоѓата Кипаризовска веќе се декларирала, дајте, ја поканувам самата да стави крај на овие дилеми, самата...

(Реакции во салата)

Господине претседател, ќе ми дозволите да завршам, а потоа секој од овие кој знае многу да вика, а малку да говори, ќе има право да даде реплика.

Бидејќи дилемата која се отвори во јавноста беше многу прецизна и според тие дилеми промената во етничките чувства настанала по влегувањето во Македонското собрание, јас ја поканувам нашата колешка да потврди и пред македонската јавност да ги уништи сите дилеми, да ги демантира сите дилеми дека ова не е прв пат што таа се декларира како влаинка, туку дека тоа било ситуација и пред три и пред четири, пред пет месеци. На тој начин сите овие дилеми ќе паднат во вода и јас ќе бидам најсреќна, да бидам искрена, дека нема за што да дискутираме. Во тој случај и пратеничката група на СДСМ ќе нема никакви дилеми, ќе може да поддржи еден комитет кој сакаме да го гледаме како место на градење на вистински консензус во државата.

Јас го повикувам и претседателот на Собранието и пратеничката група, бидејќи добиваме можност да учествуваме во Комитетот за односи меѓу заедниците, како резултат на тоа што сме се декларирале на еден или на друг начин. Таа обврска носи и други обврски. Меѓу другите, да кажеме дека тоа не сме го направиле вчера или пред десет дена. Најповеќе од се посакувам, сето ова за што се шпекулираше во јавноста, да не е точно. Немаме дилеми. Никој не се чувствува пријатно да зборува за еден колега. Меѓутоа, велам, преседаните се лоши затоа што создаваат лоши пракси. Мислам дека е најповеќе во интерес токму на парламентарното мнозинство тоа да го стори. Тие како партија спомнаа, пратеникот Оливер Станковски дека можевме да се буниме зошто СДСМ, за разлика од минатиот пат, не добило пет туку добило четири места или три места, го изгубил балансот помеѓу власта и опозицијата, апсолутно е небитно тоа. За тоа, речиси и не коментиравме, го спомнавме колку да биде забележано и толку. Заради тоа ние не би биле против ваквиот Комитет за односи меѓу заедниците. Меѓутоа, кога како Собрание бираме ваков Комитет, ние мораме да дадеме одговори. И да ни овозможите сите ние да дадеме позитивен одговор, јас би замолила да се расчистат сите дилеми и да не се дозволи да се шпекулира за вакво тело на Собранието и за највисокиот законодавен дом. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Реплика побара госпоѓа Јагнула Куновска.

**Јагнула Куновска:** Сметам дека никој од нас нема право никого да повикува јавно да се произнесе за неговото интимно чувство на која националност припаѓа и од кога и зошто. Со тоа ние сме толку несмасни што некого сакаме да го ставиме пред срамен столб за да се срамува, дали од оваа или од онаа националност.

Ја повикувам колешката која се декларира како влаинка, да не се одзве на ваквиот срамен повик и во иднина да внимаваме што зборуваме и што бараме од другиот.

**Љубиша Георгиевски:** За контра реплика се јавува пратеничката Радмила Шекеринска.

**Радмила Шекеринска:** Јас го почитував ставот кој претходно го донесе нашата колешка

пратеник, а тоа е да излезе и да каже, да зборува за својата етничка припадност. Тоа таа прва да го направи. Јас само сакам да помогнам и да укажам дека дилемите кои постоеле ќе продолжат да постојат, ако не кажеме дека таа етничка припадност не била стекната кога се влегува во Собранието, туку дека била декларирана и претходно. Да се стави точка на работите. Сомнежот е страшна работа. И ако стартуваме со многу сомнежи кои никој не го демантира, тоа ќе биде наша одговорност.

**Љубиша Георгиевски:** Во прилог на тоа и предлог.

Дозволете да потсетам дека госпоѓата Кипаризовска спомна една книга, а тоа е Историја на власите во Охрид во која кажа дека таму може да се најде нејзиното презиме, Кипаризовска. Мислам дека тоа е доволно и мислам дека навистина ова преминува во мрцварење.

За контра реплика се јавува госпоѓа Шекеринска.

**Радмила Шекеринска:** Јас се извинувам претседателе што по ваше сфаќање демократијата е мрцварење, затоа што ако вие сте тој кој ќе кажувате, кој и колку може да говори и за што може да говори, да си одиме сите дома, да не правиме големи троши, вие ќе ги носите одлуките место нас и ќе давате коментари. За среќа не е така. Вие со вашиот став дека треба да читаме по книгите и да ги испитуваме родословните стебла, всушност ја демантирате целата дискусија што претходно ја водевте. Секој има право да се изјаснува за својата етничка припадност и ниту едно семејство не може да ја земе таа обврка во свои раце. Вие со вашата теза тоа го побивате.

Никој овде не го постави прашањето за ничие семејство. Мислам дека тоа е невкусно. Го поставивме прашањето за личниот избор и за јасноста во нашето работење. Ако сакам привилегија ќе мора да дадемеодговор и на некоја обврска.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

За реплика се јавува пратеничката Силвана Бонева.

**Силвана Бонева:** Колешката беше конфузна во нејзините излагањеа иако сама кажа дека секој има право да ги изјасни за својта етничка припадност.

Очигледно, за да му биде јасно на СДСМ, а исто така и на колешката, можеби во иднина би требало да се воведе еден нов принцип, кога влегуваа нашите колеги како членови на Комитетот за односи помеѓу заедниците, да доставaт записи од сопствениот генетски код. Белким тогаш ќе бидат уверени колегите од СДСМ дека оние кои јасно се декларирале на која етничка заедница ше и припаѓаат, се тоа и треба да бидат членови на Комитет за односи помеѓу заедниците.

Почитувна претседателе, ги повикувам сите колеги да престане ова безумие, бидејќи не не води никаде.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

За контра реплика се јавува пратеничката Радмила Шекеринска.

**Радмила Шекеринска:** Се надевам дека претседателот и останатите ќе ја осудат оваа расистичка изјава на госпоѓата пратеник. Имено етничката припадност, за среќа не е впишана во нашиот генетски код.

Значи, не е впишана во нашиот генетски код. Меѓутоа многу е интересно како сите работи сакаме да ги гледаме од обратна страна. Вам ви звучат работите хаотично заради тоа што не сакате да ги гледате јасно. Јасно е следното. Ако пред шест месеци сум зборувала за својата етничка припадност, не смеам сега да сметам дека мојата етничка припадност веќе не е тема на разговор. Ако денеска сум подготвена да зборувам за својата етничка припадност нема зошто да бегам од својата етничка припадост пред шест месеци. На крајот на краиштата нека е и променета, јавно тоа треба да го соопштиме, ако бегаме од одговорите значи нешто криеме. Јавноста од нас бараше одговор и за жал јавноста остана покуса од одговор.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Еве, јас ветувам дека не влегувам веќе во Парламентот без својата бабица под мишка. И бабицата ќе и биде секогаш на јавноста на располагање.

Госпоѓата Кипаризовска.

**Анита Кипаризовска:** Благодарам господине претседател.

Јас кажав што токму сум и изричито и сметам дека нема потреба повторно јас да кажувам за својата етничка припадност.

Меѓутоа, ќе кажам госпоѓо Шекеринска и останатите. Се обидовте да направите атак врз мене, врз мојата личност, врз моите корени, врз сите власи, а сето тоа бидејќи не ви се допаднаа вам некои искажани мислења и мои ставови. Се надевам, исто така, дека никој нема да биде повикан повеќе политички од говорницата, да се изјасни што е, што се чуствува, зошто се чуствува така и дека секој понатаму ќе има право да ја изрази слободно својата волја онака како што смета и она што е. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

**Радмила Шекеринска:** Јас мислев дека ќе имам прилика да се заблагодарам за одговорот, одговор не добивме. Не е проблем овој Комитет може да се избере и без нас, може да се избере и со нас. Но, сакам да кажам дека ова Собрание сака да прави преседани и кога тие ќе се соберат тие создаваат проблеми. Јас посакувам ова само да биде лош ден на еден пратеник, на една пратеничка група, па и на претседателот кој упорно коментира после секој настап на опозиционен пратеник. Меѓутоа, за жал, овие лоши денови некако ни се случуваат секој ден.

Заради тоа вооружете се со трпение бидејќи без разлика на вашата нетрпеливост ние ќе мораме да го кажуваме нашето мислење, а јавноста ќе го чека упорно одговорот.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Збор има Јашари Аднан.

**Аднан Јашари:** Почитувани пратеници, немав намера да земам збор, но слушаајќи ги неколку од моите претходни колеги одлучив да земам збор само од една причина за да го кажам моето мислење во врска со неколку ставови или во врска со неколку ставови презентирани од претходните излагања.

Доколку се анализира внимателно уставниот амандман со кој е основан, или е предвидено да се основа Комитетот за односи меѓу заедниците, посебно би го нагласил ставот 2, ќе дојдеме до една констатација дека и покрај тоа со овој став на овој уставен амандман се предвидуваат само два елемента или  две прашања. Првенствено се предвидува бројот и второ, се предвидува составот или етничката припадност на членовите, кои можат да бидат членови на овој Комитет за односи меѓу заедниците.

Повеќе од евидентно е дека овој став бара претставници на одредени етнички заедници, како што се претставниците на етничките заедници, македонската, албанската, турска, влашка, српска, ромска и бошначка заедница. И нормално во вториот дел на овој став се утврдува начинот што доколку од претставниците на овие заедници нема претставник или нема пратеник во соодветниот парламентарен состав. Во ова насока имајќи го предвид фактот дека овој став се повикува во претставници на одредени етнички заедници, додека сите знаеме дека етничката припадност е еден елемент на граѓанска состојба, а во овој контекст и етничката припадност на секоја личност или персона кој од моментот на неговото раѓање се евидентира во јавни книги на родени и тоа како такво може да се измени, но само во одредена законска постапка или правна постапка. И тоа како такво не никаков начин не може да се измени преку поднесување на одредени декларации, било да се декларациите кои денес ни се претставени  овде на оваа седница. Јас ценам и мислам дека во однос на податоците кои се презентираа би било добро колешката за која, за несреќа велам, се расправа да презентира некој документ од јавните книги на родени за  да ја отстраниме и оваа дилема. Дали е во ред, или не е во ред предлогот преку кој се сака еден пратеник да застапува една одредена етничка заедница. Зошто ние како пратеници на парламентарната група  ДУИ и ПДП  реагираме во оваа насока? Реагираме поради фактот дека е повеќе од евидентно дека преку овој предлог се сака да се поништи еден значаен механизам кој сега веќе е воведен и во уставните одредби, како што е механизмот на Бадентер.

Факт е, неспорен факт, повторно ќе кажам дека целта или тенденцијата, настојувањето на предлагачот  имено е укинувањето на овој механизам. Ние цениме како парламентарна група ДУИ и ПДП дека Бадинтеровиот механизам е еден збор значаен механизам за Македонија како мулти етничка држава и тој како таков на ниту еден начин, или со вакви предлози, на ниту еден начин не треба да ја има оваа тенденција.

Во ова насока, уште еднаш ќе нагласам дека етничката припадност е елемент на граѓанска состојба, додека граѓанската состојба, почитувани колеги, како таква за секоја личност се евидентира во моментот на неговото раѓање во одредени јавни книги. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Господинот Хасипи Кенан, конечно доби збор.

**Кенан Хасипи:** Благодарам господине претседателе,

Иако лично немав намера да учествувам во оваа расправа. Квалификациите и провокацијата на господинот Димовски, ако не се лажам, послужи како повод да земам учество во оваа расправа.

Сакам на самиот почеток да истакнам дека националната припадност на било кој граѓанин на Република Македонија, вклучително и на пратеник во Собранието на Република Македонија е негово субјективно право за кое што никој нема право да го спори. Во правото е правило да се признаваат држави, меѓутоа националната припадност е субјективно чувство, и признале или не, дотичната личност така се чувствува. Меѓутоа, доколку националната припадност се менува за дневно политички потреби или поради одредени бенефити тоа веќе задира во моралот на дотичната личност.

Прашањето уште повеќе добива на тежина, кога е во прашање една уставна категорија како што е Комитетот за односи меѓу заедниците која што има улога во разрешување на прашањата и споровите во интеретничкиот спектрум во Собранието на Република Македонија и разрешување на прашањата утврдени во став 2 од член 69 на Уставот на Република Македонија. Имајќи ја предвид ваквата  поставеност на Комитетот за односи меѓу заедниците, како и Бадинтеровиот принцип како механизам кој би спречил мајоризација по прашањето од сферата на јазичниот, културниот, образовниот, верскиот и други идентитети на немнозинските заедници во Република Македонија, тоа е веќе прашање кое што добива на политичка тежина и оттука можат да произлезат најразлични зборови. Можните злоупотреби во оваа сфера, значат упад во со Устав утврдени надлежности на Комитетот за односи меѓу заедниците.

Впрочем, појавата на злоупотреба на националната припадност за дерогирање на благородната идеја на позитивната дискриминација на немнозинските заедници при упис во високо-образовните институции е позната и тоа директно влијаеше за ниската

застапеност на припадниците на овие етнички заедници што гледано од призмата на принципот на правична и соодветна застапеност претставуваше перфиден начин да се изигра со Устав загарантираното право. Имам впечаток дека фамозниот Бадентер послужи како повод за вакви перфидни маневри кои за жал, можат да имаат сериозни политички последици по функционирањето на Македонија како мултиетничко општество. Македонија во која што освен македонскиот народ живеат и делови на албанскиот, турскиот, бошњачкиот, ромскиот и влашкиот народ, како и припадниците на другите заедници кои по евиденциите на државните институции ги има околу 26, ако не се лажам.

Доколку господине претседателе се работи за перфиден маневар, бидете сигурни дека во не толку далечен период ќе ви се врати како бумеранг. А што се однесува до мојот идентитет, господинот Димовски би сакал да го потсетам дека пратеникот Хасипи е претседател на Демократската партија на Турците на Македонија, партија основана уште во далечната 1990 година чија основна програмска цел е ефективна заштита на јазичниот, верскиот, културниот и етничкиот идентитет на турската заедница.

Второ, таа партија, речиси цела деценија беше единствен политички репрезентер на турците во Република Македонија за да во последно време се формираат уште две турски партии. Пратеникот Хасипи, само за потсетување,во периодот од 1994-1998 година ја вршеше функцијата пратеник откако по мнозинскиот принцип излезе како кандидат на ДПКМ од 19-та изборна единица, изборна единица во која што имаше само 28% турско население.

И сакам да го потсетам господинот Димовски дека легитимитетот на еден пратеник не произлегува од тоа дали учествувал на избори како политичка партија, како коалиција, како листа на група избирачи, туку легитимитетот на еден пратеник произлегува од освоените гласови од гласачкото тело, независно дали е тоа од македонскиот народ и припадниците на другите заедници.

Само би сакал уште нешто да го потсетам господинот Димовски, дека ние учествувавме во Коалицијата за Македонијал заедно, заради тоа што таа Колаицција покажа интерес да гради проект на мултиетничност и тоа да го верифицира низ составот на таа Коалиција.

Втора работа, ние со години наназад заради изборните модели кои што не спречуваат да имаме политички репрезентенти во Собранието на Република Македонија отидовме на коалицирање. Зошто? Затоа што при изборите во 1998 година, пред изборите 1998 година во ова исто Собрание се воведе изборен праг од 5% што значи дека на 4% турско население да се воведе изборен праг од 2%...

**Љубиша Георгиевски:** Ајде, помалку историја.

**Кенан Хасипи:** Господине претседателе, го спореше мојот легитимитет пратеникот. Земете го стенограмот што зборувал.

**Љубиша Георгиевски:** Добро, можевте да реплицирате.

**Кенан Хасипи:** Затоа што сме излегле од Коалицијата, а не сме учествувале на избори како политичка партија. Таа теза не му поминува. И како поинаку да му објаснам. Му објаснив дека еден период бев пратеник како партија учествувавме на избори по мнозинскиот модел,а 1998 година тоа не можевме да го направиме затоа што беше воведен изборен праг од 5% на 4 постотно турско население, сето тоа под плашт на демократија. Спрема тоа, умешноста на политиката е да се биде овде политички репрезентет да се најдат соодветни решенија, нашето решение беше Коалицијата за Македонија заедно. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Ви благодарам.

Реплика Димовски.

**Илија Димовски:** Благодарам претседателе,

Јас апсолутно сакам да негирам дека сум го оспорувал легитимитетот на пратеникот Кенан Хасипи, апсолутно не е точна таа теза поради тоа што пратеникот Кенан Хасипи ги добил гласовите преку листата на која што бил кандидат за пратеник во Собранието на Република Македонија и сите надлежни органи во Република Македонија преку Државната изборна комисија, преку верификацијата на мандатот во Собранието го потврдиле и го докажале истото. Значи, апсолутно исто така не ја спорам и заложбата и борбата која што пратеникот Кенан Хасипи или неговата политичка партија во изминатите 15 години ги сработиле во интерес на Турците во Република Македонија и длабоко го ценам тоа. Се надевам дека ќе имаме добра прилика во наредниот период во Комитетот за односи меѓу заедниците да го покажеме и да го докажеме тоа. Јас сакав да посочам дека, значи нема ниту еден орган, ниту едно тело надвор од Собранието на Република Македонија кој што може да биде полегитимен, полегитимен орган кој што ќе утврди дали некој во Собранието се чуствува како Турчин, Ром, Влав, Србин или итн. итн. Значи мојата дилема, мојата реплика спрема господинот Спасовски беше во насока на тоа што господинот Спасовски се повикуваше на одредени здруженија на граѓани или на партијата на власите која што е со нив во коалиција. Значи, јас не би сакал да го донесеме Собранието во ситуација кога другата Турска партија би го спорела националниот идентитет на колегата Кенан Хасипи. Значи, тоа е апсолутно непотребно и би било апсолутно штетно за работата на Собранието на Република Македонија.

Токму во таа насока, за да го зачуваме кребилитетот на Собранието на Република Македонија јас замолив, и прочитав делови од Уставот на Република Македонија во кои што се

вели: доколку нема пратеници во Собранието на Република Македонија кои што се изјаснуваат како припадници на помалите етнички заедници, дури тогаш се применува другиот став во членот 78. Во овој случај имаме пратеник кој што се произнесува како припадник на етничката заедница на Власите. Апсолутно беше непотребно да ја доведуваме во ситуација госпоѓата да се изјаснува пред сите нас. И тука е оваа нервоза која што се појавува заради тоа што таквиот принцип на работа, таквиот начин на работа, мене искрено ме потсетува на периоди кога некој требаше да ја докажува лојалноста спрема Тито, некој требаше да ја докажува лојалноста спрема Сталин итн. Затоа искрено би замолил дискусијата да ја сведеме на она што е точка на дневен ред.

**Љубиша Георгиевски:** Има збор Шабан Салиу.

**Шабан Салиу:** Почитуван претседателе, почитувани колеги пратеници, јас должам едно објаснување тука во Парламентот, а тоа е во интерес на медиумите. Претпоставувам дека тоа не е грешка на стручната служба на Собранието, со оглед на тоа дека медиумите често пати кога се работи за мене меословуваат како ромскиот пратеник, кога се работи за мојата политичка партија, ромската партија, или кога се бираше заменик министер од ромската партија. Јас сакам да кажам дека, точно е дека сум Ром по националност, меѓутоа се викам Шабан Салиу. Мојата партија е Сојуз на ромите, а заменик министерот за труд и социјална политика е претставник од партијата Сојуз на ромите. И во иднина во интерес, односно на тоа што медиумите треба објективно, точно и непристрасно да ги претставуваат состојбите онакви какви што се, ги молам медиумите тоа да го имаат предвид.

Што се однесува до денешната точка од дневниот ред, сметам дека за мојата партија, односно за заедницата на која припаѓам е од особен и битен интерес како за реализација на основните слободи и права, така и инвидуалните и колективните права на мојата заедница, односно ромската заедница.

На крај би кажал дека со оглед на тоа што сум Ром, тешко ми падна ова водење на седницата во поглед на докажувањето на одреден наш колега што е, или како е, со оглед на тоа што уставно право на секој граѓанин е да се декларира онака како што се чувствува во тој момент. Јас лично како Ром немам никаков документ со кој можам да докажам доколку и овде настане расправа за мојата припадност.

**Љубиша Георгиевски:** Има збор Сафет Незири.

**Сафет Незири:** Благодарам господине Георгиевски. Во оваа ситуација кога се говори за идентитет на една јавна личност, во случајот пратеничка која учествува во законодавниот дом.

Навистина, можеби е тешка ситуацијата, но треба оваа дилема еднаш за секогаш да се расчисти за нејзиниот личен кредибилитет и нејзиниот национален идентитет.

Она што се дискутираше од страна на позицијата и опозицијата, посебно од опозицијата кога на директен начин, или индиректен начин се бара нејзино изјаснување, за тоа што е по национална припадност. Можеби тоа е многу тешко за неа, меѓутоа, секако јавноста во Република Македонија треба да ја знае нејзината национална припадност, затоа што во политиката нема пардон.

Треба да се знае нејзината изјава од пред шест месеци, откога стана јавна личност. Ова неслучајно го велам на некои средби што ги имал вашиот лидер господинот Никола Груевски со новинари и со други лица во Република Македонија изјавувал дека на есен ќе биде многу интересно што се однесува на гласањето или на Бадентеровиот принцип. Самата реченица, ќе биде доста интересно, се прејудицираат многу различни работи, кои не се добро дефинирани во вистинската политика, туку само во погрешната политика. Јас се сомневам дека се говори за една политика, која што е создадена во кујната на ВМРО-ДПМНЕ.

Што сакам да кажам со ова. Јас не сум по професија новинар, туку сум правник. Сакам да кажам нешто друго. Значи, многу добро на македонскиот народ своето историско минато му е оспорено и на албанскиот народ му е оспорено. Ние младите не смееме да направиме такво нешто, посебно македонскиот народ, да си игра со чувствата на влашкото малцинство во Република Македонија, кога ние самите знаеме и сме запознаени дека Здружението на Власите во Република Македонија не ја признаваат како легитимна претставничката госпоѓата Крстевска,

која што подоцна можеби ќе ја разреши оваа дилема, тогаш ќе се дојде до една голема полемика, со големи последици што се однесува на меѓуетничките односи во Република Македонија, бидејќи се говори за една мултиетничка и мултиконфесионална држава.

Што се однесува до оваа евидентна листа на 14.09.2006 година е запишано. Се говори значи за еден документ, кој што е од таа дата и овој документ за мене лично не е некој многу валиден документ, туку се говори за кујнски подготовки на ВМРО-ДПМНЕ со други делови на други помали политички партии. За да се направи нешто сосема поинаку, навистина ќе се постави голем прашалник и за кредибилитетот на овој Парламент и на таканречената Влада на Георгиевски. Ова за Република Македонија, овие чекори што се отпочнати, мислам дека нема да биде добро, затоа што кредибилитетот на Република Македонија со господинот мандатар Груевски, кој што ја оформи таканаречената Влада со мал дел на албанското малцинство, непочитувајки го кредибилитетот и политичкиот глас на еден голем дел на албанското население, сето ова не води во тие матни води во Република Македонија, каде што никој од нас

сигурно не сака да оди, затоа што Република Македонија ја сакам онолку колку што ја сака господинот Груевски, толку ја сака и Сафет Незири, затоа што е наша татковина и наша држава.

Мислам дека до колку не се расчисти оваа дилема, мислам дека овој Комитет нема да има можност да функционира. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Има збор господинот Бесим Нура.

**Бесим Нура:** Господине претседателе, мило ми е што господинот Сафет научил еден збор кредибилитет и често го употребува тој збор, но за жал јасно е дека кредибилитетот не е од негова страна на ниту еден начин, ни во однос на застапеноста на Албанците во Владата и во сите институции господинот Сафет треба да знае дека неговиот кредибилитет падна уште одамна со злоупотребата на гласовите и падна на денот на подршката на неговите протести од 1000 граѓани кои беа пред Парламентот. Ова е едно настојување на опозицијата на оваа точка од дневниот ред да говори за други теми кој не се актуелни и кои не се на дневен ред. Затоа, јас ќе му реплицирам на актуелната точка од дневниот ред.

Господине Сафет, требаше за Бадинтеровото начело да биде многу заинтересиран кога требаше да го употреби овој механизам, но во текот на четирите минати години, ниту го спомна, а ниту го употреби.

Од друга страна господинот Сафет не е истражен судија да бара од некого документација за да ја докаже својата национална припадност. Во спротивно и ние ќе ја играме улогата на истражен судија и ќе му побараме на господинот Сафет да ни даде докази дека не е Незировиќ, туку е Незири. Ви благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** За контра реплика се јави господинот Сафет Незири.

**Сафет Незири:** Почитуван Георгиевски, верувам дека господинот претходен говорник, не сакам да му го спомнам името, не е на мое ниво, не сакам да му реплицирам, меѓутоа, ќе му кажам една работа. Нека дојде во овој момент дома па ќе му покажам каков доказ имам.

**Љубиша Георгиевски:** Госпоѓа Куновска бараше реплика.

**Јагнула Куновска:** Му отстапувам место на господинот Андов.

**Љубиша Георгиевски:** Значи, да го разберам тоа како да сум извинет.

Повелете господине Стојан Андов.

**Стојан Андов:** Господине претседателе, почитувани колеги пратеници, можам да разберам зошто ваква насока темелна зеде денеска расправата, посебно прашање кое можеме денеска да го разјасниме, или да го расчистиме.

Прво, морам да ви кажам дека сметам дека е многу позитивен потег што пратеничката група на коалицијата ДУИ дојдоа овде да учествуваат во работата. Тоа ни дава на сите нас можности некои нивни дилеми и стравувања да ги изнесат овде, а ние да се обидеме да ги ослободиме дека немааат основа за тие такви дилеми и такви стравувања.

Целата расправа денес зеде еден правец за тоа дали низ конкретни, поединечки решенија, ќе се направи обид овде да се дискредитира едно такво тело кое со Уставот е востановено и дека тој Комитет за односи меѓу заедниците, ако случајно ние не знам како не сме решиле и така натаму може да биде тоа и да се случи дека фактички, поради тоа што ќе биде доведена во прашање неговата активност, неговата објективност во одлучувањето и целиот Рамковен договор да е во прашање и гаранцијата на правата на етничките заедници, да биде во прашање неговата објективност во одлучувањето и целиот Рамковен договор да е во прашање и гаранцијата на правата на етничките заедници. Сакам да ви кажам дека, ако се држиме точно до Уставот и до прописите кои врз основа на Уставот сме ги воспоставиле, ќе се ослободат и тие, ама и тие да се држат до тие решенија, ќе се ослободат од тие стравови и ќе сватат дека не е добро да се создава атмосфера на сомневање, туку така и дека е многу подобро, ама е добро ако има такви сомнежи да се изнесат, па овде да ги расправаме, или да ги расчистиме.

Јас мислам дека е најдобра намерата и на Комисијата што го предложила овој состав, најдобра е намерата и на госпоѓата Киопаризовска Крстева со дополнителнио тнапор да се разјаснат дилемите. Таму прво беа направени напорите колку што се сеќавам, во Комисијата. И сега со нејзинио тнастап овде. Ако ние се држиме добро до Уставот, ќе видиме дека во амандманот 12 пишува дека Комитетот го сочинуваат 19 члена, од кои по 7 члена од редот на пратениците во Собранието Македонци и Албанци и по еден член од пратениците Турци, Власи, Роми, Срби и Бошњаци.

Потоа следува, до колку некој од заедниците нема пратеници, Народниот правобранител во консултација со релевантните претставници на тие заедници, ќе ги предложи другите членови на Комитетот.

За да се утврди кои се овде Албанци, кои Македонци, кои Турци, кои Власи, кои Срби, воведен е еден евиденционен лист. Тој евиденционен лист секој го пополнува.

Врз основа на тој евиденционен лист ете, госпоѓата Кипаризовска е Влаинка. Друг метод, ниту во минатиот мандат, ниту сега не постоел, друг начин да се утврди дали има или нема Влав, Србин, овој, оној, и т.н. ние секој од нас сме должни да потпишеме евиденционен лист и сме го потпишале.

Ве молам, никаде не пишува дека секој што е пратеник и добил евиденционен лист кој треба да го потпише и да се изјасни што е, не треба да прибере како се изјаснил и дали се изјаснил пред три месец, пред шест месеца, пред седум години, пред петнаесет години. Како се изјаснила мајка му, како се изјаснил татко му и т.н. Тоа никако. Таков метод не постои. На никому не му е барано до сега, ниту во прописите стои такво нешто.

Сакам да ви кажам дека сосема е валиден листот во однос на прописите кои во оваа наша држава од 2001 година ги применуваме наваму, од воспоставување на овој Комитет и во однос на постапките кои се применувани.

Бидејки во јавноста се покренало прашање од партии и невладини организации кои не се во Парламентот, кои немаат свои претставници во Парламентот, дали дека не е Влаинка госпоѓата Кипаризовска, морам да ви кажам дека овде овде што пишува дека овде од заедниците нема претставници, дека Народниот правобранител во консултација со релевантните претставници на тие заедници, ќе ги предложи другите членови на Комитетот.

Тогаш треба вака: Прво, не се предвидува можност во Уставот овие релевантни претставници да издаваат уверение кој е Влав, кој е Србин, кој не е и т.н. Такво нешто не постои како можност. Нивните изјави се изјави без правна сила. А морално прашање е дали се е во ред. Ако е точно ова што кажува госпоѓата Кипаризовска за генологијата на нејзиното семејство и т.н. , во тоа јас никогаш нема да навлезам и не сакам да навлегувам.

Според тоа, и ако нема никаква правна сила и нема уставна основа да се земе за сомневање тоа што го кажале овие други претставници на етничките заедници, кои немаат свои претставници во Парламентот, Комисијата покажала волја да расправа за тоа. Расправале и останале на истото, односно на истиот предлог и ни го предлага овде господинот наш колега пратеник Никола Ќуркчиев, бидејки не бил доволно убеден од тоа што се случило на Комисијата. Овде постави еден предлог. Да излезе госпоѓата Кипаризовска и да каже дали е Влаинка. Госпоѓа Кипаризовска излезе и кажа дека е Влаинка. Тоа го кажа жената. Тоа се бараше од неа. Јас ве молам, дајте да си останеме на тоа што сме го напишале и така како што стојат работите во Уставот и немојте да имате други калкулации. Ако не е Кипаризовска ако биде од опозицијата Влав кој не е пратеник, инаку ќе гласа во Комитетот и т.н. Тоа се веќе шпекулации. Тоа се веќе претпоставки. Ова се заснива на документот кој е тука. Кој е напишан и важи. Само тоа. Ако се направи чекор за да се отстранат сомневањата и Кипаризовска и ако немаше основа за такво барање, сепак, дојде и кажа дека е Влаинка. Замислете каква логика и на што ние ќе личиме да и кажеме да дојде уште еднаш и да каже кога уште рекла дека е Влаинка.

Добро луѓе, ве молам, тоа ги надминува сите пропишани норми. Тоа може надвор од овде, седнете на кафе, видете кога таа била Влаинка, можеби пред тоа била Србинка, не знам што била и т.н.

Јас сакам да укажам на нешто. Факт е дека ова кратко време го применуваме. Фактички од 2002 после изборите. Факт е дека и минатиот пат, колку јас што знам никој не се пријави дека е Влав. И минатиот пат така беше. Мислам дека во евиденционите листи немаше никој да се пријавил дека е Влав. Исто е точно дека сепак ние имавме Влав. Нека се провери тоа. Имавме Влав во Комитетот и тоа од пратениците. Факт е нешто друго, дека подолго време течел процесот на асимилација кај Македонците, токму на Власите. И многу Власи, можеби десетина илјади и повеќе се чувствуваат Македонци и етнички македонци. Има некој корен што имаат Влашки и други наши пратеници, па не кажуваат дека се Власи и етнички не припаѓаат таму. Така се чувствуваат луѓето. Меѓутоа, проблемот во Македонија не е во тоа што Македонците стануваат Власи, туку Власите што стануваат Македонци. Таму треба заштитата на Влашката заедница, да ја гледат нивните организации.

Така да, не гледам тука некој проблем за кој треба премногу долго да се расправаме. Што се однесува до Уставот со прописите со кој ова прашање е уредено се потпираме на потписот и изјавата на пратеничката и на сите други. Сите тоа го направиле и ја принудивме овде да дојде и да каже дека е Влаинка. Кажа дека е Влаинка и да престанеме со оваа работа, да ја донесеме оваа одлука да му овозможиме на овој Комитет да си ја тера работата и да се расчисти тоа прашање.

**Љубиша Георгиевски:** Предлагам пауза до 15,10 часот.

(По паузата седницата продолжи со работа во 15,15 часот).

**Љубиша Георгиевски:** Молам, пратениците да влезат во салата, затоа што ќе продолжиме со седницата. Уште еднаш ако тоа воопшто нешто значи апелирам да бидеме поконцизни во дискусиите, бидејќи во 17,30 часот припадниците на исламската вероисповест треба да тргнат во 18,30 часот, бидејќи им е Рамазан. Припадниците на христијанската заедница пак треба да знаат, некои знаат а некои не, денес е Водопост-Свети Јован Крстител, голем празник. Сите имаме право со семејствата ручекот да го направиме.

Затоа, ве молам ограничете се на супстанцијалните работи, а избегавајте ја реториката. Инаку, ова е реторички дом. Ќе имаме време, немојте на Рамазан и на Свети Јован Крстител.

Продолжуваме со седницата.

Збор побараа Агрон Буџаку и Рафис Алити.

Повелете господине Буџаку.

**Агрон Буџаку:** Јас барав реплика. Не го гледам господинот Андов и имам реплика на неговото излагање.

**Љубиша Георгиевски:** Предлагам да почекате со репликата додека дојде господинот Стојан Андов, а за тоа време збор да му дадеме на Алити Рафис.

**Агрон Буџаку:** Доколку господинот Андов не е присутен тоа не е моја вина. Доколку има можност евентуално да ни даде контра реплика во однос на репликата, мислам дека за волја на вистината и на времето треба да ја кажам мојата реплика.

**Љубиша Георгиевски:** Јас мислев вие да не барате да е тој тука.

**Агрон Буџаку:** Господинот Андов во неговото излагање спомна, ова го велам како вовед за да не дојдеме во состојба некој да каже дека не се работи по дневниот ред. Но, репликата е во однос на тоа што претходниот говорник го искажа на еден нчин дека ние сме овде како коалиција ДУИ-ПДП. Треба да му објаснам дека секогаш сме укажувале дека се говори односно кога се говори за есенцијални прашања на Охридскиот рамковен договор и во однос на на Комитетот и на Бадинтеровото мнозинство ние секогаш тука ќе бидеме присутни кога ќе се говори за идните закони во однос на ова прашање. Така што во лично мое име и во името на мојата партија би нагласил дека овде прашањето е без да интервенираме на ниту еден начин, не сакам да ја навредам госпоѓа Кипаризовска Крстевска. Според тоа што го кажавте вие господине Георгиевски се работи за евидентен лист, а евидентниот лист е јавен, па јас не знам какви пречки може да има госпоѓата Крстевска Кипаризовска и нејзините јавувања како што нагласи пред три месеци или пред извесно време нејзината етничка припадност да ни ја каже јавно овде и ќе ни биде сосема јасно дека не се говори за никаква манипулација, како што ние мислиме дека овде се манипулира Бадинтеровото мнозинство со една застапеност која не е објаснета како таква и да добиеме една пауза нека дојде овде и нека ни каже дека пред три месеци, исто така, била влахиња. Ова е неможно за три месеци да се менува етничката припадност. Имено, од 120 пратеници да се спори само госпоѓата за која се говори. Зошто оваа госпоѓа се спори, бидејќи оваа госпоѓа на овој начин сака да го омаловажи Комитетот или партијата која ја има предложено. Во однос на господинот Стојан Андов јасно е дека и во 90-тите години Уставот беше каков што беше, но овде се работи за една поинаква состојба, а ние нема да дозволиме со тоа што се одлучи со Охридскиот договор како механизми, заштитен механизам е и Комитетот да се манипулира и омаловажува да ја изгуби смислата за понатамошна постапка. Додека тоа што го рекоа како партија ниту плачеме, ниту се жалиме, ние го велиме тоа што е дека вака како што сме почнале, тоа е преседан, со оваа Влада, една албанска партија која ќе има три пратеници на идните избори, ќе отвориме ново министерство за хигиена и на таа партија ќе и го доделат тоа министерство и ова ќе го прифати таа идна партија.

**Љубиша Георгиевски:** Господинот Стојан Андов има контра реплика.

Повелете господине Андов.

**Стојан Андов:** Јас ги објаснив правните страни на ова прашање што го расправаме и колку што сфатив господинот Буџаку не ги спори моите тврдења и оценки што ги изнесов овде.

Што се однесува до нивното присуство за ова што го изнесе сега господинот Буџаку сум информиран и преку весниците, но за мене навистина е многу важно што вакви точки се присутни тука и моја желба би била да бидат постојано присутни, бидејќи се пратеници и ги имаат сите права да работат како сите нас. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

На ред за збор е господинот Алити Рафис.

Повелете.

**Рафис Алити:** Благодарам.

Ние како парламентарна група кога ги предложивме имињата за Комитетот и го видовме составот на Комитетот, ние сериозно пристапивме кон тоа , затоа што е точка на дневниот ред која што е многу чувствителна и како парламентарна група бараме половина час пауза, за да изградиме цврст став околу ова прашање. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Половина час пауза.

(По паузата седницата продолжи во 15,55 часот)

**Љубиша Георгиевски:** Продолжуваме со седницата.

Ги молам пратениците да влезат во салата.

Има збор пратеникот Теута Арифи.

Повелете.

**Теута Арифи:** Почитувани пратеници,

Коалицијата Демократска унија за интеграција-ПДП се однесува со длабока почит и сериозност кон вредностите и демократските инструменти кои произлегуваат од Рамковниот договор. Сметаме дека Комитетот за однос меѓу заедниците е една од најзначајните институции на Охридскиот рамковен договор, затоа што обезбедува и осигурува етничките заедници да имаат свој глас за чувствителните теми кои се однесуваат на прашањата на етничкиот идентитет.

Ова е причината зошто нашата парламентарна група денес е присутна тука, заради дебатирање за овие теми кои за нас се клучни демократски теми.

Коалицијата ДУИ-ПДП се однесува со длабока почит кон процедурите и демократските институции, затоа што смета дека демократијата е подолг процес кој што се заснова врз слободниот парламентарен збор. Поаѓајќи од овие начела на почитување на Рамковниот

договор и демократските институции, коалицијата ДУИ-ПДП предложи и свои претставници во Комитетот за односи меѓу заедниците и ова го направивме на минатата седница на Комисијата за избори и именувања.

За жал, од реакциите во јавноста на влашките организации се стави под прашање правото на пратеничката, која што се изрази како Влаинка, да ја застапува оваа заедница во овој Комитет на Собранието.

За жал, најголемата позициона партија ВМРО-ДПМНЕ одлучи да ја дерогира и потцени на овој начин институцијата Комитет за односи меѓу заедниците и истовремено да го потцени и Рамковниот договор.

Во оваа прилика, ја покануваме меѓународната заедница да не биде индиферентна кон овие чекори, уште повеќе кога оваа заедница е коавтор на овие вредности и институции и коавтор на начелото кое го носи името на еден од најголемите подржувачи на независноста на Македонија, господинот Бадентер.

Коалицијата ДУИ-ПДП нема намера да се потсмева со Рамковниот договор и со институциите кои произлегуваат од истиот. На нашата коалиција ни на памет не и е да го направи тоа  и да направи рушење на кредибилитетот на двојното мнозинство.

Затоа, коалицијата ДУИ-ПДП овде службено ќе каже на оваа говорница дека ги повлекува предлозите кои ги има поднесено до Комитетот, со надеж дека парламентарното мнозинство ќе се изјасни за создадената ситуација и ќе прекине со несериозниот пристап, кој што е потсмевачки пристап кон помалите етнички заедници, кон нивниот глас кон Охридскиот договор како нешто што е постигнување на сите заедници на Република Македонија, без разлика на нивниот етникум и раса. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Има збор пратеникот Рафис Алити.

Повелете.

**Рафис Алити:** Благодарам.

Почитувани пратеници, и писмено ја известивме матичната комисија, односно Комисијата за прашања на изборите и именувањата дека ги повлекуваме нашите предлози на кандидати кои треба да бидат дел од Комитетот за односи меѓу заедниците. Истовремено, истото го направивме со соопштение овде, до сите пратеници, што значи го известивме и Собранието писмено и тоа соопштение за неколку минути ќе го добиете. За жал, велам дека ние нема да учествуваме во актот на гласање по овој предлог и натамошните дискусии мислам дека нема да придонесат во однос на тоа што е наша цел, што значи навистина во Македонија да имаме подобра иднина. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Има збор господинот Трајко Вељаноски во име на Комисијата за избори и именувања.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам претседателе.

Сакам да ве информирам вас и јавноста дека надлежноста на Комисијата за избори и именувања е да предлага постојани и повремени работни тела во Собранието, односно членови на постојаните и повремените работни тела, вклучувајќи и членови за Комитетот за односи меѓу заедниците. Тоа се прави во повеќе фази. Првата фаза е да се побара барање од координаторите на пратеничките групи, да предложат свои членови во соодветните тела.

Јас се обратив до пратеничката група ДУИ-ПДП, вклучувајќи ги и другите пратенички групи, и од нивна страна добив допис во кој предложија свои членови во Комитетот за односи меѓу заедниците и не известија дека четворицата нивни пратеници од нивната пратеничка група, Теута Арифи, Блерим Беџети, Џеват Адеми и Садула Дураки ги предлагаат во Комитетот за односи меѓу заедниците. Тоа е заведено под деловен број во Архивата на Собранието на Република Македонија под број 3350/3. Врз основа на такви нивни предлози и предлози од другите пратенички групи, јас ја ставив одлуката на усвојување на Комисијата за прашања на изборите и именувањата. Таа беше предмет на расправа, Комисијата ја изгласа предлог-одлуката и ја достави до Собранието. Тоа беше условно да кажам втора фаза во која има надлежности Комисијата за прашања на избори и именувања и таа Предлог-одлука усвоена од Комисијата е доставена во Собранието. Понатаму сето останато преминува во надлежност  на самото Собрание. Во однос на ова, пратеничката група ДУИ-ПДП со допис известува дека ги повлекува нивните предлози, тоа понатаму не е во надлежност на Комисијата за прашања на изборите и именувањата, туку е во надлежност на самото Собрание.

Затоа, би предложил понатаму самото Собрание да одлучи. Сметам дека ние треба да продолжиме со работата по оваа точка на дневниот ред, по Предлогот на одлуката што е изгласан од Комисијата за прашања на изборите и именувањата. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Барам половина час пауза за консултација со координаторите. Консултацијата ќе се одржи во Охридската сала.

(Паузата започна во 16,03 часот)

**Љубиша Георгиевски :** Ги молам пратениците да влезат во салата.

Продолжуваме со работа.

Силвана Бонева има процедурално.

**Силвана Бонева:** Почитуван господине претседателе, од името на пратеничката група ан ВМРО-ДПМНЕ, барам подршка да продолжиме да работиме после 18,00 часот.

**Љубиша Георгиевски :** Предлогот го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Ве молам службите да го утврдат бројот на присутните пратенци.

Можеме да гласаме.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 56 пратеници, за гласале 56, воздржани и против нема.

Во салата се присутни 63 пратеници.

Користам прилика да им се заблагодарам на припадниците на Исламската религија што Ифтарот го жртвуваат, заради ефикасноста на Парламентот.

Констатирам дека предлогот е прифатен .

Има збор Јани Макрадули.

**Јани Макрадули:** Почитуван претседателе, со оглед на дописот што годобивме од коалицијата на ДУИ и ПДП, а согласно член 104 од Деловникот за работа на Собранието, каде што листите за членови на комисиите, комитетите и работните тела се прават врз база на предлозите на пратеничките групи, барам еден час пауза во име на пратеничката група на СДСМ, да го изградиме ставот како ќе гласаме и како ќе продолжиме со работа по однос на оваа точка до дневниот ред денеска.

**Љубиша Георгиевски:** Предлагам пауза од еден час.

(по паузата)

Ги молам пратениците да влезат во салата.

Ја продолжуваме седницата . Бидејќи нема повеќе пријавени за збор го заклучувам претресот.

Пред да преједеме на гласање би сакал да дадам уште две информации за вас.

Во текот на седницата дојдоа две писма.

Едното е од ДУИ, во врска со вашиот допис тој и тој од 19 септември 2006 година, за предлагање членови на Комитетот, ве известувам дека Предлогот што беше доставен, за членови од коалицијата ДУИ и ПДП, да бидат пратениците Теута Арифи, Блерим Беџети, Џеват Адеми, Садула Дураку, го повлекуваме .

Предлагам Комитетот да го разгледа тоа кога ќе му дојде времето, да го разгледа многу сериозно и да предложи мерки.

Во меѓувреме исто така добивме писмо од Унијата за култура на Власите од Македонија, во која тие се гордеат што госпоѓа Кипаризова е Влаинка. Најавени се и други писма.

Според тоа, Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Ги молам службите да пребројат уште еднаш дали можеме да гласаме.

Ги молам службите да го кажат точниот број на присутни пратеници во салата.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 62 пратеника, за гласале 62, воздржани нема, против нема.

Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката за избор на членови на Комитетот за односи меѓу заедниците.

Пред да ја заклучам седницата, треба да ве известам исто така дека апансас добивме писмо од пратеничката група на СДСМ, во кое се вели:

Почитуван претседателе, со оглед на тоа што седницата која е во тек, се одвива спротивно на член 104, од Деловникот на Собранието на Република Македонија , пратеничката група на СДСМ, нема да присуствува во понатамошниот тек на седницата.

Сакам да ја известам јавноста и вас почитувани пратеници, дека членот на кој се повикуваат, односно го оправдуваат своето бегство од Парламентот, членот 104 од Дееловникот, воопшто не се однесува на предметот. Тој член исцело можете да го видите, се однесува на комисиите. Додека Комитетот за односи меѓу заедниците, воопшто не се смета како комисија. Тој се создава по уставни механизми.

Според тоа како и секогаш се тестираше цврстината, волјата и се друго на мнозинството. Ви благодарам на трпениeто што го покажавте, ви благодарам за тоа што останавте цело време иако се договоривме, после 18,00 часот.

Бидејќи дневниот ред е исцрпен, ја заклучувам оваа седница.

Ви благодарам уште еднаш. На сите што сте од исламска вероисповед ви посакувам пријатен ифтар и убаво да си поминете.

(Седницата заврши во 18,50 часот)